3.Секоја Договорна страна може да го раскине Договорот со испраќање на писмено известување до другата Договорна страна. Договорот ќе престане да биде во сила една година по датумот на приемот на ваквото известување.

Член 14.

Овој Договор, на никаков начин, нема да биде толкуван така што ќе противречи на билатералните и мултилатералните договори, чии страни се Договорните страни.

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Потпишан во Скопје на 01. август 2017 година, во два оригинални примероци, секој од нив на официјалните јазици на Договорните страни – македонски јазик, согласно Уставот на Република Македонија и бугарски јазик, согласно Уставот на Република Бугарија, при што и двата текста имаат еднаква важност.

ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗОРАН ЗАЕВ
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА

ЗА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

БОЈКО БОРИСОВ
МИНИСТЕР-ПРЕТСЕДАТЕЛ

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

ДОГОВОР
ЗА
ПРИЯТЕЛСТВО, ДОБРОСЪСЕДСТВО И СЪТРУДНИЧЕСТВО
МЕЖДУ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЯ И РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ

Република Македония и Република България (наричани по-нататък общо „Договарящи се страни"),

Изхождайки от общия стремеж за по-нататъшно развитие на добросъседството, приятелството и сътрудничеството между двете държави,

Дълбоко убедени в необходимостта от развитие на сътрудничеството на базата на взаимното уважение, доверие, разбирателство, добросъседство и взаимно зачитане на интересите на техните държави,

Вярвайки, че всестранното развитие и задълбочаване на приятелските, добросъседските отношения между тях отговаря на интересите на народите на Република Македония и Република България,

Убедени в необходимостта от укрепване на сигурността и мира, сътрудничеството и доверието в Югоизточна Европа,

Приветствайки стремежа на Република Македония за интеграция в европейските и евроатлантическите структури,

Вярвайки, че конструктивният диалог по всички аспекти на двустранните отношения, както и по регионални и международни въпроси ще допринесе за по-нататъшното развитие на връзките между двете държави на равноправна основа,

Потвърждавайки фундаменталното значение на Съвместната декларация от 22 февруари 1999 г. в отношенията между двете държави,

Имайки предвид общата им история, която свързва двете държави и народите им,

Зачитайки принципите на Устава на Организацията на обединените нации и документите на Организацията за сигурност и сътрудничество в Европа, както и демократичните принципи, залегнали в актовете на Съвета на Европа,

Се договориха за следното:

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Член 1

Двете Договарящи се страни ще развиват всестранни отношения помежду си в съответствие с основните принципи на международното право и добросъседството.

Член 2

1. Двете Договарящи се страни ще си сътрудничат в рамките на Организацията на обединените нации, Организацията за сигурност и сътрудничество в Европа, Съвета на Европа и други международни организации и форуми.

2. Двете Договарящи се страни ще развиват сътрудничеството помежду си в областта на европейската и евроатлантическата интеграция, насочено към успешната подготовка на Република Македония за присъединяването ѝ към Европейския съюз и НАТО. Българската страна ще споделя своя опит с цел да съдейства на Република Македония да изпълни необходимите критерии за членство в Европейския съюз и ще подкрепя Република Македония за получаване на покана за членство в НАТО, съгласно съответните решения от срещите на върха на НАТО.

Член 3

Двете Договарящи се страни ще съдействат за развитието на сътрудничеството между държавите от Югоизточна Европа, за укрепване на разбирателството, мира и стабилността в региона и при осъществяването на регионални проекти, като част от процеса за създаване на единна Европа.

Член 4

1. Двете Договарящи се страни ще поддържат контакти и ще провеждат срещи между представителите на органите на държавната власт на различни равнища за развитието на приятелските отношения и сътрудничеството.

2. Двете Договарящи се страни ще съдействат за поддържане на контактите между местните власти и гражданите на двете държави.

Член 5

Имайки предвид географската си близост, двете Договарящи се страни ще се стремят да създават необходимите правни, икономически, финансови и търговски условия за осигуряване на възможно най-широко движение на стоки, услуги и капитали. Те ще насърчават взаимните инвестиции и ще осигуряват тяхната защита.

Член 6

Двете Договарящи се страни ще подкрепят разширяването на туристическия обмен, както и развитието на подходящи форми на сътрудничество в областта на туризма.

Член 7

1. Двете Договарящи се страни ще разширяват и усъвършенстват транспортните връзки и другите комуникации помежду им, включително в рамките на регионалните инфраструктурни проекти.

2. Двете Договарящи се страни ще се стремят към облекчаване на митническите и гранични формалности за пътниците и стоките, които се придвижват помежду им.

Член 8

1. Двете Договарящи се страни ще насърчават активното и безпрепятствено сътрудничество в областта на културата, образованието, здравеопазването, социалната политика и спорта.

2. В срок най-късно до три месеца от влизането на този договор в сила, с цел задълбочаването на взаимното доверие, двете Договарящи се страни създават на паритетен принцип Съвместна мултидисциплинарна експертна комисия по исторически и образователни въпроси, за да допринесе за обективното, основаващо се на автентични и основани на доказателства исторически извори, научно тълкуване на историческите събития. Комисията представя пред правителствата на Договарящите се страни ежегоден доклад за своята работа.

3. Двете Договарящи се страни ще организират по взаимна договореност съвместни чествания на общи исторически събития и личности, насочени към укрепване на добросъседските отношения в духа на европейските ценности.

Член 9

Двете Договарящи се страни ще полагат усилия за свободно разпространяване на информация, като насърчават и развиват сътрудничеството в областта на средствата за масово осведомяване чрез използване на възможностите на съвременните комуникационни средства. Двете Договарящи се страни се ангажират в защита на авторските и интелектуалните права на творците от двете държави.

Член 10

Двете Договарящи се страни ще разширяват сътрудничеството си в правната и консулска области по-специално по граждански, наказателни и административни въпроси, както и за решаване на хуманитарни и социални проблеми на техните граждани.

Член 11

1. Нито една от Договарящите се страни няма да предприема, подтиква и поддържа действия, насочени срещу другата държава, които имат неприятелски характер.

2. Нито една от Договарящите се страни няма да допуска нейната територия да бъде използвана срещу другата от организации и групи, които имат за цел извършването на подривни, сепаратистки и застрашаващи спокойствието и сигурността на другата Договаряща се страна действия.

3. Двете Договарящи се страни нямат и няма да предявяват териториални претенции една спрямо друга.

4. Всяка от Договарящите се страни има право да защитава правата и интересите на своите граждани, на територията на другата страна, в съответствие с международното право.

5. Република Македония потвърждава, че нищо от нейната Конституция не може и не трябва да се тълкува, че представлява или някога ще представлява основа за намеса във вътрешните работи на Република България, с цел защита на статута и правата на лица, които не са граждани на Република Македония.

6. Двете Договарящи се страни ще предприемат ефикасни мерки за предотвратяване на недобронамерена пропаганда от страна на институции и агенции и ще обезкуражават дейности на частни субекти, насочени към подстрекателство на насилие, омраза или други подобни действия, които биха навредили на техните отношения.

Член 12

1. В рамките на 3 месеца от влизането в сила на този Договор, двете Договарящи се страни ще учредят Съвместна междуправителствена комисия. Комисията се съпредседателства от министрите на външните работи на двете Договарящи се страни и включва висши официални представители на двете държави.

2. Съвместната междуправителствена комисия ще провежда редовни срещи един път годишно, с цел преглед на ефективното прилагане на този Договор, приемане на мерки за подобряване на двустранното сътрудничество, както и решаване на възникнали по време на изпълнението на Договора въпроси. Всяка от Договарящите се страни може, при необходимост, да предложи организирането на допълнителни срещи на Съвместната междуправителствена комисия.

Член 13

1. Този Договор подлежи на ратификация съгласно конституционните изисквания на Договарящите се страни. Този Договор влиза в сила на датата на размяна на ратификационните документи на двете Договарящи се страни и остава в сила за неопределен период от време.

2. Този Договор може да бъде изменян с писменото съгласие между двете Договарящи се страни. Измененията се договарят по дипломатически път и влизат в сила в съответствие с алинея 1 на този член.

3. Всяка Договаряща се страна може да прекрати Договора чрез изпращане на писмено уведомление до другата Договаряща се страна. Договорът ще престане да бъде в сила една година след датата на получаване на това уведомление.

Член 14

Този Договор по никакъв начин няма да бъде тълкуван така, че да противоречи на двустранни или многостранни договори, по които двете Договарящи се страни са страни.

Подписан в Скопие, на 1 август 2017 г. в два оригинални екземпляра, всеки един на официалните езици на Договарящите се страни – македонски език, съгласно Конституцията на Република Македония и български език, съгласно Конституцията на Република България, като и двата текста имат еднаква сила.

ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЯ

ЗОРАН ЗАЕВ,
ПРЕДСЕДАТЕЛ НА
ПРАВИТЕЛСТВОТО

ЗА РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ

БОЙКО БОРИСОВ,
МИНИСТЪР-ПРЕДСЕДАТЕЛ

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Член 3

Министерството за надворешни работи се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на Договорот од членот 1 од овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR RATIFIKIMIN E MARRËVESHJES PËR MIQËSI, FQINJËSI TË MIRË DHE BASHKËPUNIM NDËRMJET REPUBLIKËS SË MAQEDONISË DHE REPUBLIKËS SË BULLGARISË

Neni 1

Ratifikohet Marrëveshja për miqësi, fqinjësi të mirë dhe bashkëpunim ndërmjet Republikës së Maqedonisë dhe Republikës së Bullgarisë, e nënshkruar në Shkup më 1 gusht 2017.

Neni 2

Marrëveshja nga neni 1 i këtij ligji në origjinal në gjuhën maqedonase dhe në gjuhën bullgare, është si vijon:

Neni 3

Ministria e Punëve të Jashtme caktohet si organ kompetent i administratës shtetërore që do të kujdeset për zbatimin e Marrëveshjes nga neni 1 i këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

3.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ АРАПСКИ ЕМИРАТИ ЗА РЕДОВЕН ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ МЕЃУ И ВОН НИВНИТЕ ТЕРИТОРИИ

Се прогласува Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за редовен воздушен сообраќај меѓу и вон нивните територии,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јануари 2018 година.

Бр. 08-356/1
15 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

З А К О Н
ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ АРАПСКИ ЕМИРАТИ ЗА РЕДОВЕН ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ МЕЃУ И ВОН НИВНИТЕ ТЕРИТОРИИ

Член 1

Се ратификува Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за редовен воздушен сообраќај меѓу и вон нивните територии, склучена во Абу Даби на 28 јуни 2016 година.

Член 2

Спогодбата од членот 1 од овој закон во оригинал на македонски, арапски и англиски јазик, гласи:

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

СПОГОДБА

ПОМЕЃУ

ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

И

ВЛАДАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ АРАПСКИ ЕМИРАТИ

ЗА РЕДОВЕН ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ ПОМЕЃУ И

ВОН НИВНИТЕ ТЕРИТОРИИ

Индекс на членовите

ПРЕАМБУЛА
ЧЛЕН 1 – ДЕФИНИЦИИ
ЧЛЕН 2 – ДАВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИ ПРАВА
ЧЛЕН 3 – ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ СООБРАЌАЈ
ЧЛЕН 4 – ПОВЛЕКУВАЊЕ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ВРШЕЊЕ СООБРАЌАЈ
ЧЛЕН 5 – ОСНОВНИ ПРАВИЛА СО КОИ СЕ РЕГУЛИРА ВРШЕЊЕТО НА ДОГОВОРЕНИОТ СООБРАЌАЈ
ЧЛЕН 6 – ЦАРИНСКИ ДАВАЧКИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ
ЧЛЕН 7 – ПРИМЕНА НА НАЦИОНАЛНИТЕ ЗАКОНИ И ПРОПИСИ
ЧЛЕН 8 – КОД-ШЕР ДОГОВОРИ
ЧЛЕН 9 – УВЕРЕНИЈА ЗА ПЛОВИДБЕНОСТ И ЗА ОСПОСОБЕНОСТ
ЧЛЕН 10 – БЕЗБЕДНОСТ
ЧЛЕН 11 – НАДОМЕСТОЦИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ
ЧЛЕН 12 – ВОЗДУХОПЛОВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
ЧЛЕН 13 – КОМЕРЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ
ЧЛЕН 14 – ПРЕНОС НА СРЕДСТВА
ЧЛЕН 15 – ОДОБРУВАЊЕ НА РЕДОВИТЕ НА ЛЕТАЊЕ
ЧЛЕН 16 – ТАРИФИ
ЧЛЕН 17 – РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
ЧЛЕН 18 – КОНСУЛТАЦИИ
ЧЛЕН 19 – РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ
ЧЛЕН 20 – ИЗМЕНА НА СПОГОДБАТА
ЧЛЕН 21 – РЕГИСТРАЦИЈА
ЧЛЕН 22 – ПРЕКИН НА СПОГОДБАТА
ЧЛЕН 23 – ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

ПРЕАМБУЛА

Владата на Република Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати (во понатамошниот текст нарекувани „договорните страни"),

Сакајќи да го развијат меѓународниот воздухопловен систем кој се заснова врз принципите и практиките на слободен пазар, со минимално посредување на владата и регулативите;

Сакајќи да го олеснат проширување на можностите за меѓународниот воздушен сообраќај;

Признавајќи дека со ефикасен и конкурентен меѓународен воздушен сообраќај се унапредува трговијата, погодностите за корисниците и економскиот развој;

Сакајќи да им овозможат на авиопревозниците да и нудат на патувачката и на превозничката јавност конкурентни цени и услуги на отворени пазари;

Сакајќи да обезбедат највисок степен на безбедност и обезбедување на меѓународниот воздушен сообраќај и повторно потврдувајќи ја нивната сериозна загриженост во врска со дејствата односно заканите кои се вперени против обезбедувањето на воздухопловите, со кои се загрозува безбедноста на луѓето или имотите, кои имаат негативно влијание врз вршењето на воздушниот сообраќај и се поткопува јавната доверба во безбедноста на цивилното воздухопловство;

Како страни на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, отворена за потпишување во Чикаго на 7-ми декември 1944 година; и

Сакајќи да склучат Спогодба во согласност со и како дополнение на споменатата Конвенција, со цел да се воспостави и врши редовен воздушен сообраќај помеѓу и вон нивните територии,

СЕ ДОГОВОРИЈА ЗА СЛЕДНОВО:

Член 1
Дефиниции

1. За потребите на оваа Спогодба, ако не се бара поинаку од текстот, поимите:

а) "Воздухопловна власт" значи во случајот на Владата на Република Македонија, Агенцијата за цивилно воздухопловство; а во случајот на Владата на Обединетите Арапски Емирати, Генералната власт за цивилно воздухопловство; или и во двата случаи кое било лице или орган кој е овластен да ги врши функциите кои се однесуваат на оваа Спогодба;
б) "Договорен сообраќај" значи редовен меѓународен воздушен сообраќај помеѓу и вон териториите на Република Македонија и на Обединетите Арапски Емирати, а за превоз на патници, багаж и товар, одделно или во комбинација;
в) "Спогодба" значи оваа Спогодба, нејзиниот Анекс во примената на истата, како и сите измени на Спогодбата или на Анексот;
г) "Воздушен сообраќај", "авиопревозник", "меѓународен редовен воздушен сообраќај" и „запирање за непревознички цели" го имаат значењето кое им е дадено во член 96 од Конвенцијата;
д) "Анекс" значи планот на линиите кој е даден во прилог кон Спогодбата и кои било одредби или коментари во тој Анекс и секоја измена на истиот, согласно одредбите од член 20 на оваа Спогодба;
ѓ) "Товар" вклучува и пошта;
е) "Конвенција" значи Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, отворена за потпишување во Чикаго на седмиот ден од декември 1944 година и вклучува: (и) секоја измена на истата која е влезена во сила согласно член 94(а) од Конвенцијата и е ратификувана од двете договорни страни; и (ии) секој анекс или измена на истите кои се усвоени согласно член 90 од Конвенцијата, доколку ваквиот анекс или измена се во секое време важечки и за двете договорни страни;
ж) "Определени авиопревозници" значи авиопревозник или авиопревозници кои се определени и овластени согласно член 3 од оваа Спогодба;
з) „Тарифи" значи цените кои се плаќаат за превоз на патници, багаж и товар, како и условите под кои тие цени се применуваат, но со исклучок на надоместоците и условите за превоз на пошта;
ѕ) "Територија" во однос на земја, има значењето кое му е дадено во член 2 од Конвенцијата;

и) "Надоместоци за корисниците" значи надоместоците кои надлежните органи ги воведуваат на авиопревозниците или дозволуваат да се воведат, за користење на аеродромски капацитети, имот и/или на навигациска опрема, вклучувајќи ги и соодветните услуги и средства за воздухопловите, нивните екипажи, патници, багаж и товар.

2. Анексот кон оваа Спогодба се смета за составен дел на истата.
3. При примената на оваа Спогодба, договорните страни постапуваат согласно одредбите од Конвенцијата доколку тие одредби се важечки за меѓународниот редовен воздушен сообраќај.

Член 2
Давање на сообраќајни права

1. Секоја договорна страна и ги дава на другата договорна страна правата кои се утврдени со оваа Спогодба за да им овозможи на своите определени авиопревозници да го воспостават и вршат договорениот сообраќај.

2. Определените авиопревозници на секоја договорна страна ги користат следниве права:
   а) да прелетуваат преку територијата на другата договорна страна без слетување;
   б) да запираат на територијата на другата договорна страна заради непревознички цели; и
   в) да запираат на територијата на другата договорна страна заради земање и/или оставање на патници, багаж и товар во меѓународниот сообраќај, одделно или во комбинација, при вршење на договорениот сообраќај.

3. Авиопревозникот(авиопревозниците) на секоја договорна страна, кои не се оние кои се определени согласно член 3, исто така ги користат правата утврдени во став 2, точки а) и б) на овој член.

4. Одредбите од овој член не им даваат право на определените авиопревозници на договорните страни да земаат, на територијата на другата договорна страна, патници багаж и товар кои се превезуваат со надоместок или наемнина, а се со одредиште до друго место на територијата на таа друга договорна страна.

5. Во случај на вооружен судир, политички немири или случувања или посебни и невообичаени околности, кога определениот авиопревозник на една договорна страна не е во можност да врши сообраќај на својата редовна линија, другата договорна страна прави сè што може за да овозможи непрекинато одржување на овој сообраќај преку соодветни привремени линии, кои договорните страни заеднички ги договараат.

6. Определените авиопревозници имаат право да ги користат, под еднакви услови, сите воздушни патишта, аеродроми и други капацитети кои договорните страни ги даваат.

Член 3
Определување и одобрение за вршење сообраќај

1. Воздухопловната власт на секоја договорна страна има право да определи колку што сака авиопревозници за вршење на договорениот сообраќај и да го повлече или измени определувањето на кој било ваков авиопревозник или да замени претходно определен авиопревозник со друг. Со вакво определување може да се наведе обемот на даденото одобрение на секој авиопревозник во врска со вршењето на договорениот сообраќај. Ваквото определување се врши со писмено известување помеѓу воздухопловните власти на двете договорни страни.

2. Воздухопловната власт која го примила известувањето за определување, согласно одредбите од ставовите 3 и 4 од овој член, веднаш им ги издава на определените авиопревозници на другата договорна страна соодветните одобренија за вршење сообраќај.

3. Воздухопловната власт на една договорна страна може да побара од авиопревозник кој е определен од другата договорна страна да докаже дека е квалификуван да ги исполни условите кои се пропишани со законите и прописите кои споменатата власт вообичаено и прикладно ги применува во врска со вршењето на меѓународен воздушен сообраќај согласно одредбите од Конвенцијата.

4. Секоја договорна страна има право да одбие да издаде одобрение за вршење сообраќај спомнато во став 2 од овој член, или да постави такви услови за кои смета дека се неопходни за користење на правата од

страна на определен авиопревозник утврдени во член 2, став 2 в) од оваа Спогодба, секогаш кога таа договорна страна нема доказ дека авиопревозниците имаат деловно седиште на територијата на договорната страна која ги определува и дека имаат тековно Уверение за исполнување на безбедносни услови (АОС), издадено од споменатата договорна страна.

5. По приемот на одобрението за вршење сообраќај, предвидено во став 2 од овој член, определените авиопревозници можат во секое време да отпочнат со вршењето на договорениот сообраќај.

Член 4
Повлекување и суспензија на одобрението за вршење сообраќај

1. Воздухопловната власт на секоја договорна страна има право да го повлече, суспендира или ограничи одобрението за вршење сообраќај и за користење на правата утврдени во член 2, став 2 точка в) од оваа Спогодба од страна на авиопревозниците определени од другата договорна страна, или да постави такви услови за кои смета дека се неопходни за користење на овие права, ако:
   а) нема доказ дека споменатите авиопревозници имаат деловно седиште на територијата на договорната страна која ги определува и дека имаат тековно Уверение за исполнување на безбедносни услови (АОС), издадено од споменатата договорна страна;
   б) споменатите авиопревозници не се придржуваат кон или сериозно ги прекршуваат законите или прописите на договорната страна која ги дава овие права, кои воздухопловната власт вообичаено и разумно ги применува согласно Конвенцијата;
   в) споменатите авиопревозници не го вршат договорениот сообраќај согласно условите пропишани со оваа Спогодба;
   г) споменатите авиопревозници не постапуваат согласно член 10, став 6 од оваа Спогодба;
   д) другата договорна страна не презема соодветна мерка за подобрување на безбедноста согласно член 10, став 2 од оваа Спогодба; или

f) другата договорна страна не почитува ниедна одлука нити услов кои произлегуваат од примената на член 19 од оваа Спогодба.

2. Правата кои се утврдени со овој член, се користат само по извршени консултации со другата договорна страна, како што се предвидува во член 18 од оваа Спогодба, освен ако не е потребно моментално дејство за да се спречи понатамошно кршење на законите и другите прописи.

3. Во случај на дејство од една договорна страна согласно овој член, нема да се доведат во прашање правата на другата договорна страна согласно член 19 од оваа Спогодба.

Член 5
Основни правила со кои се регулира вршењето на договорениот сообраќај

1. Секоја договорна страна им дозволува, врз база на реципроцитет, на определените авиопревозници на двете договорни страни слободно да си конкурираат при вршењето на меѓународниот воздушен сообраќај кој се регулира со оваа Спогодба.

2. Секоја договорна страна ги презема сите неопходни дејства во рамките на своите надлежности со цел да ги елиминира сите облици на дискриминација и анти-конкурентни или алчни практики при користењето на правата и овластувањата наведени во оваа Спогодба.

3. Не смее да има ограничување во поглед на капацитетот или бројот на фреквенции и/или на типови на воздухоплови со кои определените авиопревозници и на двете страни треба да вршат сообраќај и тоа за кој било вид на сообраќај (патнички, товарен, одделно или во комбинација). Секој определен авиопревозник има право да ги утврди фреквенцијата и капацитетот кои ги нуди за договорениот сообраќај.

4. Ниедна договорна страна не смее едностранo да ги ограничи обемот на сообраќајот, фреквенциите, редовноста на сообраќајот или типовите на воздухоплови кои ги користат определените авиопревозници на другата договорна страна, освен ако тоа не се бара согласно царинските, техничките, оперативните услови или условите за заштита на

човековата околина, под стандардизирани услови кои се во склад со член 15 од Конвенцијата.

5. Ниедна договорна страна не смее да им наметне на определените авиопревозници на другата договорна страна никакво услов од типот прв понуден, коефициент на пропорционалност, надомест за непротивење, ниту каков било друг услов што се однесува на капацитетот, фреквенцијата или сообраќајот, кој би бил во спротивност со целите на оваа Спогодба.

Член 6
Царински давачки и други надоместоци

1. Секоја договорна страна ги ослободува определените авиопревозници на другата договорна страна од увозни ограничувања, царински давачки, директни или индиректни такси, трошоци за преглед и од сите други национални и/или локални давачки и надоместоци за воздухопловите како и нивната редовна опрема, горивото, маслата, опремата за одржување, алатите во воздухопловот, потрошните технички залихи, резервните делови вклучително и моторите, залихите во воздухопловот вклучувајќи но не ограничувајќи се на артиклите како што е храната, пијалаците, алкохолот, тутунот и други производи за продажба на, или за користење од страна на, патниците за време на летот, како и други артикли кои се наменети или се користат исклучиво во врска со работата или сервисирањето на воздухопловот кој ваквиот определен авиопревозник го користи за вршење на договорениот сообраќај, како и печатените превозни документи, воздушните товарни листови, униформите на персоналот, компјутерите и печатарите на билети кои определениот авиопревозник ги користи за резервации и издавање билети, секаков печатен материјал со обележја на определениот авиопревозник и вообичаените рекламни и промотивни материјали кој тој определен авиопревозник ги дели без надомест.

2. Ослободувањата кои се даваат со овој член, се применуваат и на артиклите спомнати во став 1 од овој член, кои:
   а) се внесуваат на територијата на една договорна страна од страна на или во името на определен авиопревозник на другата договорна страна;
   б) остануваат во воздухопловот на определен авиопревозник на една договорна страна по пристигнувањето на и до

заминувањето од територијата на другата договорна страна и/или кои се трошат за време на лет над таа територија;

в) се внесуваат во воздухопловот на определен авиопревозник на една договорна страна на територијата на другата договорна страна со намера да се користат при вршењето на договорениот сообраќај;

без разлика дали тие артикли се користат или трошат целосно или делумно на територијата на договорната страна која ги дава ослободувањата, под услов ваквите артикли да не се отуѓуваат на територијата на споменатата договорна страна.

3. Редовната опрема на воздухопловот, како и материјалите, залихите и резервите кои вообичаено се чуваат во воздухоплов кој го користи определениот авиопревозник на која било договорна страна, може да се истоварат на територијата на другата договорна страна само со одобрение на царинските власти на таа друга договорна страна. Во ваков случај, ваквата опрема и артикли ги користат ослободувањата предвидени во став 1 на овој член, под услов дека може да се побара тие да се стават под надзор на спомнатите власти се до повторен извоз на истите или со нив се ракува поинаку согласно царинските одредби.

4. Ослободувањата кои се предвидени во овој член, исто така се однесуваат и на ситуации кога определените авиопревозници на која било договорна страна имаат склучено договори со друг авиопревозник (други авиопревозници) за заем или пренос на територијата на другата договорна страна на редовната опрема и другите предмети наведени во став 1 од овој член, под услов дека тој друг авиопревозник, исто така, го користи истото ослободување (истите ослободувања) од таа друга договорна страна.

Член 7
Примена на националните закони и други прописи

1. Законите, прописите и процедурите на една договорна страна, кои се однесуваат на влез во, престој на, или заминување од нејзината територија на воздухопловите ангажирани во меѓународна воздушна пловидба, или на работата и навигацијата на тие воздухоплови додека се на нејзината територија, се применуваат и на воздухопловите кои ги користат авиопревозниците на другата договорна страна без разлика на

националната припадност како што се применуваат на нејзините сопствени и ваквите воздухоплови се придржуваат кон истите по влегувањето во, заминувањето од и додека се на територијата на таа договорна страна.

2. Законите, прописите и процедурите на една договорна страна, кои се однесуваат на влез во, престој на или заминување од, нејзината територија на патниците, багажот, екипажот и товарот кои се превезуваат со воздухопловите, како и прописите кои се однесуваат на влез, одобренија за влез, обезбедување на воздухопловството, имиграција, патни исправи, гранична, пасошка, царинска, монетарна, здравствена контрола, карантин и санитарни мерки или законите и прописите од областа на поштенските услуги, кога се работи за пошта, се почитуваат од страна на или во име на овие патници, багаж, екипаж и товар по влез во и заминување од и за време на престојот на територијата на првата договорна страна.

3. Ниедна договорна страна не смее да дава предност на својот (своите) или на кој било друг (други) авиопревозник (авиопревозници) во однос на определените авиопревозници на другата договорна страна при примената на законите и прописите предвидени во овој член.

4. Патниците, багажот и товарот во директен транзит преку територијата на која било договорна страна кои не ја напуштаат зоната на аеродромот која е определена за таа намена, подлежат само на упростена контрола, освен што се однесува на мерките за обезбедување против насилство, воздухопловно пиратство и криумчарење на наркотици. Ваквиот багаж и товар се ослободуваат од царински, акцизни и други слични државни и/или локални такси и надоместоци.

Член 8
Код-шер договори

1. Определениот (определените) авиопревозник (авиопревозници) и на двете договорни страни има (имаат) право, или како превозник кој продава или како превозник кој го врши сообраќајот, слободно да склучуваат деловни договори за продажба, вклучувајќи но без ограничување на закупување на дел од просторот и/или код-шер договори (вклучувајќи и код-шер договори со трети земји) со кој било друг авиопревозник или авиопревозници.

2. Пред извршувањето на код-шер сообраќајот, партнерите во код-шер договорот се договараат која страна е одговорна во однос на осигурувањето и прашањата поврзани со корисниците на услугите, обезбедувањето, безбедноста и олеснувањето. Договорот во којшто се содржани овие услови се доставува и до двете воздухопловни власти пред спроведување на код-шер договорите.

3. Односните воздухопловни власти ги прифаќаат ваквите договори, под услов дека сите авиопревозници од тие договори ги имаат основните сообраќајни права и/или правата за линии и овластувања за вршење сообраќај.

4. Во случај на код-шер договор, авиопревозникот кој врши продажба треба, што се однесува на секој продаден билет, да осигури дека во моментот на продажбата на купувачот му е јасно кој авиопревозник всушност ќе лета на секој сектор од сообраќајот, а со кој авиопревозник или авиопревозници купувачот влегува во договорен однос.

5. Определениот авиопревозник (определените авиопревозници) на секоја договорна страна, исто така, имаат право да нудат код-шер услуги помеѓу кои било места на територијата на другата договорна страна, под услов дека тие услуги ги врши авиопревозник или авиопревозници на другата договорна страна.

Член 9

Уверенија за пловидбеност и за оспособеност

1. Уверенијата за пловидбеност, уверенијата за оспособеност и дозволите кои ги издала или признала за важечки една договорна страна, а кои сè уште се во сила, другата договорна страна ги признава за важечки за вршење на договорениот сообраќај, под услов дека секогаш тие уверенија и дозволи се издадени или признати за важечки согласно и во склад со минималните стандарди утврдени согласно Конвенцијата.

2. Меѓутоа, секоја договорна страна го задржува правото, да одбие да ги признае, за летови над нејзината територија, уверенијата за оспособеност и дозволите кои на нејзините државјани и ги издала другата договорна страна.

3. Доколку правата или условите од дозволите или уверенијата кои ги издала или ги признала за важечки една договорна страна дозволуваат отстапување од стандардите кои се утврдени со Конвенцијата, без разлика дали ова отстапување е евидентирано кај Меѓународната организација за цивилно воздухопловство, воздухопловната власт на другата договорна страна може, без повреда на правата на првата договорна страна согласно член 10, став 2 од оваа Спогодба, да побара консултации со воздухопловната власт на другата договорна страна, согласно член 18, со цел да се уверат дека практиката за која станува збор е прифатлива за нив. Неможноста да се постигне задоволителна усогласеност претставува основа за примена на член 4, став 1 од оваа Спогодба.

Член 10
Безбедност

1. Секоја договорна страна може, во секое време, да побара консултации во врска со стандардите за безбедност од која било област поврзана со екипаж на воздухоплов, воздухопловите или нивното работење, кои ги усвоила другата договорна страна. Овие консултации се одржуваат во рок од триесет (30) дена од датумот на барањето.

2. Ако, после овие консултации, една договорна страна утврди дека другата договорна страна не ги применува и одржува ефикасно стандардите за безбедност во која било од овие области, кои се барем еднакви на минималните стандарди кои во тој време се утврдени согласно Конвенцијата, првата договорна страна ја известува другата договорна страна за тие наоди како и за чекорите кои се сметаат за неопходни истите да бидат во согласност со минималните стандарди и таа друга договорна страна презема соодветно поправно дејство. Ако другата договорна страна не преземе соодветно дејство во рок од петнаесет (15) дена или во подолг период кој може да се договори, тоа претставува основа за примена на член 4, став 1 од оваа Спогодба.

3. Секој воздухоплов со кој авиопревозникот на една договорна страна врши сообраќај до или од територијата на другата договорна страна може, додека се наоѓа на територијата на другата договорна страна, да биде предмет на преглед од страна на овластени претставници од другата договорна страна, како внатре така и околу воздухопловот, за да се провери и важноста на документите за воздухопловот и на оние на

неговиот екипаж, како и надворешната состојба на воздухопловот и неговата опрема (во овој член таканаречена „проверка на платформа"), под услов проверката да не предизвика неразумно доцнење.

4. Ако која било таква проверка на платформа или серија од проверки на платформа даде повод за:

   а) сериозна загриженост дека воздухоплов, или работата на воздухоплов, не се придржува кон минималните стандарди утврдени во тоа време согласно Конвенцијата; или
   б) сериозна загриженост дека постои недостаток од ефикасно одржување и примена на стандардите за безбедност утврдени во тоа време согласно Конвенцијата;

   договорната страна која го врши прегледот, во смисла на член 33 од Конвенција, слободно може да заклучи дека условите под коишто се издадени и признати увереннјата или дозволите за тој воздухоплов или за екипажот на тој воздухоплов, односно дека условите под кои се врши сообраќај со тој воздухоплов не се еднакви на, или не се над минималните стандарди утврдени согласно Конвенцијата.

5. Во случај кога претставник на авиопревозник не дозволи пристап за вршење на проверка на платформа на воздухоплов со кој тој авиопревозник на една договорна страна врши сообраќај согласно став 3 од овој член, другата договорна страна има право да заклучи дека настанала сериозната загриженост од типот на наведените во став 4 на овој член и да донесе заклучоци наведени во тој став.

6. Секоја договорна страна го задржува правото да ја суспендира или измени дозволата за вршење сообраќај на авиопревозник или авиопревозници на другата договорна страна, веднаш штом првата договорна страна ќе утврди, или врз основа на проверка на платформа, серија проверки на платформа, одбивање пристап за проверка на платформа, консултации или на друг начин дека преземањето на неодложно дејство е неопходно заради безбедноста на работата на авиопревозник.

7. Кое било дејство преземено од една договорна страна согласно ставовите 2 или 6 на овој член, престанува веднаш по престанокот на причините кои биле основ за преземање на дејството.

Член 11
Надоместоци за корисниците

1. Секоја договорна страна се труди да осигури дека надоместоците за корисниците кои на определените авиопревозници на другата договорна страна им ги воведе или дозволиле да бидат воведени нејзините органи кои се надлежни за наплати, за користење на аеродромите и другите воздухопловни капацитети, се праведни и разумни. Овие надоместоци се поставени на здрави економски принципи и не смее да се повисоки од оние коишто другите авиопревозници ги плаќаат за ваквите услуги.

2. Во однос на надоместоците за корисниците, ниедна договорна страна не смее да дава предност нити на своите ниту на други авиопревозници кои вршат сличен меѓународен воздушен сообраќај ниту да воведува или дозволува да се воведат за определените авиопревозници на другата договорна страна, надоместоци за корисниците кои се повисоки од оние кои се воведени за нејзините сопствени определени авиопревозници кои вршат сличен меѓународен сообраќај и користат слични воздухоплови и адекватни капацитети и услуги.

3. Секоја договорна страна го поттикнува одржувањето на консултации помеѓу нејзините надлежни органи за наплата и определените авиопревозници кои ги користат услугите и уредите. Корисниците во разумен рок добиваат известување за секој предлог за измени на надоместоците за корисниците, заедно со неопходните дополнителни информации и податоци, со цел да им се даде можност да ги изразат своите ставови пред да се донесат измени на надоместоците.

Член 12
Воздухопловно обезбедување

1. Согласно своите права и обврски според меѓународното право, договорните страни повторно потврдуваат дека нивната меѓусебна обврска да го штитат обезбедувањето на цивилното воздухопловство од дејствија на незаконско постапување претставува составен дел на оваа Спогодба.

2. Без ограничување на општите поставки на нивните права и обврски согласно меѓународното право, договорните страни особено

постапуваат согласно одредбите на *Конвенцијата за кривични и некои други дела сторени во воздухоплов*, потпишана во Токио на 14 септември 1963 година, *Конвенцијата за спречување на незаконско одземање на воздухоплов*, потпишана во Хаг на 16 декември 1970 година, *Конвенцијата за спречување на незаконски дејствија вперени против безбедноста на цивилното воздухопловство*, потпишана во Монтреал на 23 септември 1971 година, како и нејзиниот *Протокол за спречување на незаконски дејствија на насилство на аеродромите, кои се користат во меѓународното цивилно воздухопловство Дополнение на Конвенцијата за спречување на незаконски дејствија вперени против безбедноста на цивилното воздухопловство, подготвен во Монтреал на 23 септември 1971*, потпишан во Монтреал на 24 февруари 1988 година, како и кои било други спогодби со кои се регулира обезбедувањето на цивилното воздухопловство, а кои се обврзувачки и за двете договорни страни.

3. Договорните страни, на барање, меѓусебно си даваат секаква потребна помош, заради спречување на дејства за незаконско одземање на цивилни воздухоплови и други незаконски дејства вперени против безбедноста на тие воздухоплови, нивните патници и екипаж, аеродромите и навигациската опрема и која било друга закана по обезбедувањето на цивилното воздухопловство.

4. Договорните страни, во своите меѓусебни односи, постапуваат согласно прописите за воздухопловно обезбедување кои се утврдени од страна на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство, а кои се именувани како Анекси кон Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, до оној степен до којшто тие прописи за обезбедување се применливи за договорните страни.

5. Покрај ова, договорните страни бараат од операторите на воздухопловите кои се внесени во нивниот регистар, или од операторите на воздухопловите со седиште или постојан престој на нивна територија и од операторите на аеродромите на нивна територија да постапуваат согласно таквите прописи за воздухопловно обезбедување кои се важечки за договорните страни.

6. Секоја договорна страна се согласува дека од нејзините оператори на воздухоплови може да бара да се придржуваат кон одредбите за воздухопловно обезбедување наведени во став 4 од овој член, кои

другата договорна страна ги бара за влез, заминување или престој на територијата на таа друга договорна страна.

7. Секоја договорна страна осигурува дека на својата територија ефикасно се применуваат мерки за заштита на воздухопловите како и за безбедносен преглед на патниците, екипажот и рачниот багаж како и за вршење на соодветни безбедносни проверки на багаж, товар и резервите на воздухопловите пред и за време на влегувањето во воздухопловот или натоварувањето. Секоја договорна страна со позитивен пристап го разгледува секое барање од другата договорна страна за оправдани специјални мерки за обезбедување со цел спречување на конкретна закана.

8. Во случај на инцидент или закана од инцидент за незаконско одземање на цивилни воздухоплови, или некои други незаконски дејства вперени против обезбедувањето на тие воздухоплови, нивните патници и екипаж, аеродромите или навигациската опрема, договорните страни си помагаат една на друга со поедноставување на меѓусебната комуникација, како и со други соодветни мерки со намера брзо да се отстрани инцидентот или заканата со истиот, со минимален ризик за животите.

9. Секоја договорна страна презема мерки за кои смета дека се изводливи, со цел да осигури дека воздухоплов на другата договорна страна кој е предмет на незаконско одземање или на други дејства на незаконско постапување, а којшто се наоѓа на земја во нејзината територија, се задржува на земја, освен ако неговото заминување не се должи на примарната задача да се заштитат животите на неговите патници и екипаж.

10. Доколку една договорна страна основано се сомнева дека другата договорна страна отстапила од одредбите од овој член, воздухопловната власт на првата договорна страна има право веднаш да побара консултации со воздухопловната власт на другата договорна страна. Неуспехот да се постигне задоволителен договор во рок од петнаесет (15) дена од датумот на ваквото барање, претставува основа за примена на член 4 став 1 од оваа Спогодба. Во случај на кризна ситуација, договорна страна има право да преземе преодни дејства согласно член 4 став 1 пред истекот на петнаесет (15) дена. Секое дејство кое се презема

согласно овој став, престанува по придржување на другата договорна страна кон одредбите за обезбедување наведени во овој член.

Член 13
Комерцијални активности

1. Определените авиопревозници на секоја договорна страна имаат право да отворат претставништва на територијата на другата договорна страна заради рекламирање на воздушниот сообраќај и продажба на патнички документи, како и други дополнителни производи и услуги кои се потребни за вршење на воздушниот сообраќај.

2. Определените авиопревозници на секоја договорна страна имаат право да донесат и да одржуваат на територијата на другата договорна страна сопствен раководен, комерцијален, оперативен, продажен, технички и друг персонал и претставници кои можат да му бидат потребни во врска со вршењето на воздушниот сообраќај.

3. Условите за ваквите претставници и персонал спомнати во став 2 на овој член, по избор на определениот авиопревозник, може да се исполнат со сопствен персонал од која било националност, или со користење на услуги на кој било друг авиопревозник, организација или трговско друштво, кое работи на територијата на другата договорна страна и има овластување да дава вакви услуги на територијата на таа друга договорна страна.

4. Определените авиопревозници на секоја договорна страна имаат право, директно или преку посредници, да учествуваат во продажба на услуги во воздушниот сообраќај и со нив поврзаните производи и услуги на територијата на другата договорна страна. За таа цел, определените авиопревозници имаат право да користат свои патни документи. Определениот авиопревозник на секоја договорна страна има право слободно да ги продава, а секое лице има право слободно да ги купи тие услуги за превоз, и со нив поврзаните производи и услуги во локална или која било друга слободно конвертибилна валута.

5. Определените авиопревозници на една договорна страна имаат право локалните трошоци на територијата на другата договорна страна да ги плаќаат во локалната валута или, доколку тоа е во склад со локалните

прописи за девизно работење, во која било друга слободно конвертибилна валута.

6. Секоја договорна страна го применува Кодексот на однесување изготвен од Меѓународната организација за цивилно воздухопловство за регулирање и функционирање на компјутерските системи за резервации на нејзината територија, кој е усогласен со други важечки прописи и обврски кои се однесуваат на компјутерските системи за резервации.

7. Определените авиопревозници имаат право сами да го вршат своето опслужување на земја што се однесува на операциите за пријавување на патниците во заминување на територијата на другата договорна страна. Ова право не ги вклучува услугите за опслужување на земја во зоната со ограничен пристап и е предмет на ограничувања кои произлегуваат од условите за аеродромската безбедност, обезбедување и аеродромската инфраструктура. Ако факторите за безбедноста и обезбедувањето го исклучуваат користењето на правото спомнато во овој став, ваквите услуги за опслужување на земја се даваат без давање предност или дискриминирање на ниту еден авиопревозник кој врши сличен меѓународен воздушен сообраќај.

8. Врз основа на реципроцитет и како дополнување на правото кое се дава согласно став 7 од овој член, секој определен авиопревозник на една договорна страна има право на територијата на другата договорна страна да одбере кој било агент од конкурентските агенти за опслужување на земја овластени од надлежните органи на таа друга договорна страна за давање на услуги на опслужување на земја, во целост или делумно.

9. Исто така, на определените авиопревозници на една договорна страна може да им се дозволи да даваат услуги за опслужување на земја предвидени во став 7 од овој член, во целост или делумно, на други авиопревозници кои го користат истиот аеродром на територијата на другата договорна страна.

10. Сите активности предвидени во ставовите од 1 до 9 од овој член се вршат согласно важечките закони и други прописи кои се во сила на територијата на другата договорна страна.

11. Определените авиопревозници и индиректните обезбедувачи на превоз на товар по воздушен пат на двете договорни страни имаат право да користат, без ограничување, секаков превоз по земја до и од места на териториите на договорните страни или во трети земји, вклучувајќи го и превозот до и од сите аеродроми кои имаат царински капацитети, како и, ако е применливо, право на превоз до царинско складиште на товарот кој се превезува по воздушен пат, согласно важечките закони и други прописи. Ваквиот товар кој се превезува по воздушен пат, без разлика дали се движи по земја или по воздушен пат, има пристап до аеродромската царина и просториите за обработка. Определените авиопревозници можат да одберат самите да го вршат превозот по земја или истиот да го обезбедат преку склучување договори со други превозници по земја, вклучувајќи го и транспорт по земја кој го вршат други авиопревозници или индиректни обезбедувачи на превоз на товар кој се превезува по воздушен пат. Ваквите комбинирани услуги за превоз на товар може да се нудат по една заедничка цена и за воздушниот и за превозот по земја, под услов дека шпедитерите не се доведуваат во заблуда што се однесува на податоците за ваквиот превоз.

12. Во врска со меѓународниот воздушен сообраќај, на определените авиопревозници на секоја договорна страна им се дозволува да ги даваат услугите на патниците под свое име, преку договори за соработка со даватели на превоз по земја, кои имаат соодветно овластување за вршење на ваков превоз по земја до и од кои било места на териториите на договорните страни и вон истите. Давателите на превоз по земја не се предмет на законите и прописите со кои се регулира воздушниот превоз од едноставна причина што ваквиот превоз по земја го нуди авиопревозник под свое име. Ваквите комбинирани услуги може да се нудат по единствена цена која ги опфаќа заедно и превозот по воздушен пат и оној по земја, но под услов дека патниците не се доведуваат во заблуда во однос на фактите поврзани со ваквиот превоз. Давателите на превоз по земја имаат дискреционо право да одлучат дали ќе склучат договори за соработка спомнат погоре. При одлучувањето за некој конкретен договор, давателите на превоз по земја може да ги земат предвид, меѓу другото, и интересите на потрошувачите како и техничките, економските, просторните или ограничувањата во врска со капацитетот.

Член 14
Пренос на средства

1. Секоја договорна страна им дава право на определените авиопревозници на другата договорна страна слободно да го пренесат вишокот на средства, по намирување на трошоците, кои ги заработиле овие авиопревозници на нејзината територија од продажба на воздушниот сообраќај, продажба на дополнителни производи и услуги, како и од комерцијалната камата од тој приход (вклучувајќи ја и каматата добиена на депозитите кои чекаат пренос). Ваквите преноси се реализираат во која било конвертибилна валута, согласно прописите за девизно работење на договорната страна на чијашто територија е стекнат приходот. Ваквиот пренос се реализира врз основа на официјалниот девизен курс или, ако нема таков, овие преноси се реализираат врз основа на девизниот курс на пазарот кој преовладува, а кој важи за тековните плаќања.

(b) appropriate measures are in place to prevent unauthorised access to offices, shipping areas, loading docks, cargo areas and other relevant places;

(c) measures for the handling of goods have been taken which include protection against the unauthorised introduction or exchange, the mishandling of goods and against tampering with cargo units;

(d) the applicant has taken measures allowing to clearly identify his business partners and to ensure, through implementation of appropriate contractual arrangements or other appropriate measures in accordance with the applicant's business model, that those business partners ensure the security of their part of the international supply chain;

(e) the applicant conducts in so far as national law permits, security screening on prospective employees working in security sensitive positions and carries out background checks of current employees in such positions periodically and where warranted by circumstances;

(f) the applicant has appropriate security procedures in place for any external service providers contracted;

(g) the applicant ensures that its staff having responsibilities relevant for security issues regularly participate in programmes to raise their awareness of those security issues;

(h) the applicant has appointed a contact person competent for safety and security related questions.

2. Where the applicant is a holder of a security and safety certificate issued on the basis of an international convention or of an International Standard of the International Organisation for Standardisation, or of a European Standard of a European standardisation body, these certificates shall be taken into account when checking compliance with the criteria laid down in Article 2(e) of this Annex.

The criteria shall be deemed to be met to the extent that it is established that the criteria for issuing that certificate are identical or equivalent to those laid down in Article 2(e) of this Annex.

3. Where the applicant is a regulated agent (an air carrier, agent, freight forwarder or any other entity who ensures security controls in respect of cargo or mail) or a known consignor (a consignor who originates cargo or mail for its own account and whose procedures meet common security rules and standards sufficient to allow carriage of cargo or mail on any aircraft) and fulfils the requirements of the common basic standards on aviation security, the criteria laid down in paragraph 1 shall be deemed to be met in relation to the sites and the operations for which the applicant obtained the status of regulated agent or known consignor to the extent that the criteria for issuing the regulated agent or known consignor status are identical or equivalent to those laid down in Article 2(e) of this Annex.

Article 8
Conditions for the acceptance of an application for the status of AEO

1. In addition to the conditions for the acceptance of an application in general, in order to apply for the status of AEO the applicant shall submit a self-assessment questionnaire, which the customs authorities shall make available, together with the application.

2. An economic operator shall submit one single application for the status of AEO covering all its permanent business establishments in the customs territory of a CEFTA Party.

TITLE II

BENEFITS RESULTING FROM THE STATUS OF AEO TO BE GRANTED BY NATIONAL AEO PROGRAMMES IN CEFTA PARTIES

Article 9
Facilitations regarding pre-departure declarations

1. Where an economic operator authorised for security and safety as referred to in Article 1(2b) of this Annex lodges on his own behalf a pre-departure declaration in the form of a customs declaration or a re-export declaration, no other particulars than those stated in those declarations shall be required.

2. Where an AEOS lodges on behalf of another person who is also an AEOS a pre-departure declaration in the form of a customs declaration or a re-export declaration, no other particulars than those stated in those declarations shall be required.

Article 10
More favourable treatment regarding risk assessment and control

1. An authorised economic operator (AEO) shall be subject to fewer physical and document-based controls than other economic operators.

2. Where an AEOS has lodged an entry summary declaration or a customs declaration or a temporary storage declaration or where an AEOS has lodged a notification and given access to the particulars related to his entry summary declaration in his computer system, the customs office of first entry shall, where the consignment has been selected for physical control, notify that AEOS of that fact. That notification shall take place before the arrival of the goods in the customs territory of the CEFTA Party.

That notification shall be made available also to the carrier if different from the AEOS referred to in the first subparagraph, provided that the carrier is an AEOS and is connected to the electronic systems relating to the declarations referred to in the first subparagraph.

That notification shall not be provided where it may jeopardise the controls to be carried out or the results thereof.

3. Where an AEO lodges a temporary storage declaration or a customs declaration prior to the presentation of the goods the customs office competent to receive that temporary storage declaration or that customs declaration shall, where the consignment has been selected for customs control, notify the AEO of that fact. That notification shall take place before the presentation of the goods to customs.

That notification shall not be provided where it may jeopardise the controls to be carried out or the results thereof.

4. Where consignments declared by an AEO have been selected for physical or document-based control, those controls shall be carried out as a matter of priority.

On request from an AEO the controls may be carried out at a place other than the place where the goods have to be presented to customs.

5. The notifications referred to in paragraphs 2 and 3 shall not concern the customs controls decided on the basis of the temporary storage declaration or the customs declaration after the presentation of the goods.

Article 11
Exemption from favourable treatment

The more favourable treatment referred to in Article 10 of this Annex shall not apply to any customs controls related to specific elevated threat levels or control obligations set out in other national legislation of a CEFTA Party.

However, customs authorities shall carry out the necessary processing, formalities and controls for consignments declared by an AEOS as a matter of priority.

TITLE III
SUSPENSION, REJECTION, REVOCATION AND ANNUMILATION OF THE STATUS OF AUTHORISED ECONOMIC OPERATOR IN NATIONAL AEO PROGRAMMES OF CEFTA PARTIES

Article *12*
Legal effects of suspension

1. Where an AEO authorisation is suspended due to the non-compliance with any of the criteria referred to in Article 2 of this Annex, any decision taken with regard to that AEO which is based on the AEO authorisation in general or on any of the specific criteria which led to the suspension of the AEO authorisation, the customs authority having taken that decision shall suspend it.

2. The suspension of a decision relating to the application of the customs legislation taken with regard to an AEO shall not lead to the automatic suspension of the AEO authorisation.

3. Where a decision relating to a person who is both an AEOS and an economic operator authorised for customs simplifications as referred to in Article 1(2a) of this Annex (AEOC) is suspended instead of annulling, revoking or amending where:

(a) the customs authority considers that there may be sufficient grounds for annulling, revoking or amending the decision, but does not yet have all necessary elements to decide on the annulment, revocation or amendment;

(b) the customs authority considers that the conditions for the decision are not fulfilled or that the AEO does not comply with the obligations imposed under the AEO authorisation, and it is appropriate to allow the AEO time to take measures to ensure the fulfilment of the conditions or the compliance with the obligations;

(c) the AEO requests such suspension because he is temporarily unable to fulfil the conditions laid down for the decision or to comply with the obligations imposed under that decision due to non-fulfilment of the conditions laid down in Article 2(d) of this Annex, his AEOC authorisation shall be suspended, but his AEOS authorisation shall remain valid.

Where a decision relating to a person who is both an AEOS and an AEOC is suspended in accordance with 3(a), 3(b) or 3(c) due to non-fulfilment of the conditions laid down in Article 2(e) of this Annex, his AEOS authorisation shall be suspended, but his AEOC authorisation shall remain valid.

Article 13
Rejection of an application

The rejection of an AEO application shall not affect existing favourable decisions taken with regard to the applicant in accordance with the customs legislation, unless the granting of those favourable decisions is based on the fulfilment of any of the AEO criteria that have been proven not to be met during the examination of the AEO application.

Article 14
Revocation of an authorisation

1. The revocation of an AEO authorisation shall not affect any favourable decision which has been taken with regard to the same person unless AEO status was a condition for that favourable decision, or that decision was based on a criterion listed in Article 2 of this Annex which is no longer met.

2. The revocation or amendment of a favourable decision which has been taken with regard to the holder of the authorisation shall not automatically affect the AEO authorisation of that person.

3. Where the same person is both an AEOC and an AEOS is applicable owing to the non-fulfilment of the conditions laid down in Article 2(d) of this Annex, the AEOC authorisation shall be revoked and AEOS authorisation shall remain valid.

   Where the same person is both an AEOS and an AEOC, owing to the non-fulfilment of the conditions laid down in Article 2(e) of this Annex, the AEOS authorisation shall be revoked and AEOC authorisation shall remain valid.

Article 15
Annulment

1. The customs authorities shall annul an AEO authorisation if all the following conditions are fulfilled:

(a) the decision on AEO authorisation was taken on the basis of incorrect or incomplete information;

(b) the AEO knew or ought reasonably to have known that the information was incorrect or incomplete;

(c) if the information had been correct and complete, the decision on AEO authorisation would have been different.

2. The AEO shall be notified of its annulment.

3. Annulment shall take effect from the date on which the initial decision took effect, unless otherwise specified in the AEO authorisation in accordance with the customs legislation.

ДОПОЛНИТЕЛЕН ПРОТОКОЛ 5

НА ДОГОВОРОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЦЕНТРАЛНО-ЕВРОПСКИОТ ДОГОВОР ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА

Преамбула

Имајќи ги предвид министерските заклучоци од 21 ноември 2014 година за нагласување на важноста за превземање напори посветени за продлабочување на примената на Договорот за изменување и пристапување кон Централно-европскиот договор за слободна трговија (во понатамошниот текст како „ЦЕФТА 2006") и земајќи ги предвид одредбите од членовите 12, 13 и 14 (4) од ЦЕФТА 2006;

Решени да ги елиминираат пречките во нивната меѓусебна трговија, во согласност со одредбите од Договорот од Маракеш за основање на Светската трговска организација (во понатамошниот текст како „СТО") и постепено да воспостават поблиски трговски односи;

Решени да ги остваруваат своите меѓусебни трговски односи во согласност со правилата и дисциплините на СТО, без оглед на нивното членство во СТО;

Земајќи ја целосно во предвид важноста на позитивниот придонес на олеснувањето на трговијата за економскиот развој;

Нагласувајќи ја улогата на процесот за усогласување со ЕУ во поттикнувањето на меѓусебното признавање на програмите, документите и инспекциите меѓу ЦЕФТА страните како што е предвидено во овој Дополнителен протокол 5 (во понатамошниот текст Протокол);

Со оглед дека ниту една одредба од овој Договор не може да биде толкувана како изземање на ЦЕФТА страните од нивните обврски кон други меѓународни договори, особено СТО;

Решени да ги јакнат трговско-економските односи и меѓусебното разбирање меѓу ЦЕФТА страните;

Признавајќи ја важноста на меѓународната соработка и исто така стремежот за проширување на регионалната соработка;
Имајќи предвид дека ЦЕФТА страните се определени да ја подобрат безбедноста во трговијата со стоки што влегуваат или излегуваат од нивните територии, без да ги попречат трговските текови;

Барајќи да го олеснат развојот на трговијата преку воведување на модерни форми и методи на инспекција;

Признавајќи ја потребата за размена на податоци со примена на електронски средства со цел јакнење и подобрување на квалитетот на анализата на ризик на ЦЕФТА страните;

Нагласувајќи ја неопходноста од инвестирање во информатички и комуникациски технологии за олеснување на електронската размена на документи помеѓу ЦЕФТА страните, како што се бара во овој Протокол;

Истакнувајќи ја важноста од целосниот преглед што треба да го спроведе секоја од ЦЕФТА страните потврдувајќи ја подготвеноста на нејзината информатичко-комуникациска технолошка инфраструктура за примена на одредбите од овој Протокол со кои се бара електронска размена на податоци на национално ниво;

Изразувајќи ја спремноста на ЦЕФТА страните да соработуваат со ЕУ и други меѓународни донатори кои се подготвени да ги ко-финансираат неопходните инвестиции за задоволување на потребите во информатичката и комуникациската технологија на ЦЕФТА страните за примената на овој Протокол;

Имајќи предвид дека ЦЕФТА страните имаат соодветно ниво на заштита на лични податоци;

Заедничкиот комитет на ЦЕФТА, во присуство на сите ЦЕФТА страни, се согласи за следното:

Член 1
Дефиниции

За целите на овој Протокол:

(а) „податоци" се сите податоци, без оглед дали се обработени или анализирани или не, и документи, извештаи и други комуникации во било кој формат, вклучувајќи електронски или сертифицирани или нивни заверени копии;
(б) „инспекции" е секоја операција со која што царинските органи или било кој друг инспекциски или контролен орган го извршуваат физичкиот преглед или визуелната инспекција на транспортните средства или самите стоки со цел да се утврди дека нивната природа, потекло, состојба, здравје, безбедност, количина и вредност се во согласност со деталите од подготвените документи;
(в) „формалности" е било која формалност на која економскиот оператор е подложен од страна на властите и која се состои во производството или испитувањето на документите, сертификатите што ги придружуваат стоките или други детали, независно од користениот метод или медиум, во врска со стоките или транспортните средства;
(г) „ризик" е веројатноста за појава на настан поврзан со влез, излез, транзит, пренос и крајна употреба на стоките кои се движат помеѓу царинските подрачја на ЦЕФТА страните и помеѓу царинското подрачје на една од ЦЕФТА страните и трети земји и стоки што не се присутни во слободен промет на територијата на една од ЦЕФТА страните, со што се загрозува безбедноста и сигурноста на ЦЕФТА страните, заштитата на здравјето и животот на луѓето, животните или растенијата и животната средина;
(д) „управување со ризик" е систематско идентификување на ризик и примена на сите мерки неопходни за ограничување на изложеноста на ризик. Тоа вклучува активности како собирање на податоци и информации, анализирање и оценка на ризик, пропишување и преземање на акција и редовен надзор и повторно разгледување на процесот и неговите резултати, врз основа на извори и стратегии дефинирани од ЦЕФТА страните, на национално, регионално или на меѓународно ниво;
(ѓ) „оценка на ризик на податоци за пред-пристигнување на стоките" е анализа на ризик и други аналитички активности користејќи податоци добиени од ЦЕФТА страната на извозот, кога соодветниот документ е прифатен во информатичкиот систем на засегнатиот орган на ЦЕФТА страната на увозот и податоци за стоки во транзит;

(е) „овластен економски оператор" е економски оператор основан во една од ЦЕФТА страните, кој се смета за сигурен во контекст на неговите операции поврзани со царината и според тоа има право да ги ужива придобивките во една или повеќе ЦЕФТА страни;
(ж) „граница" е било кој премин каде стоките влегуваат во и/или излегуваат од царинското подрачје на ЦЕФТА страната.

Член 2
Опсег

2.1. Без да е во спротивност со посебните одредби кои се во сила согласно правните акти склучени помеѓу ЦЕФТА страните, овој Протокол ќе се применува за поедноставување на инспекциите, намалување на формалностите во максимално можен обем, размена на податоци кои се однесуваат на превозот на стока помеѓу ЦЕФТА страните и соработка на програмите за партнерство во трговијата.
2.2. Овој Протокол не се однесува на инспекции или формалности наменети за бродови и авиони како средства за транспорт. Сепак, се однесува на возила и стока кои се превезуваат со наведените превозни средства.
2.3. Активностите преземени од ЦЕФТА страните во однос на примената на овој Протокол ќе бидат во согласност со нивното национално законодавство.

Член 3
Општа цел

Во согласност со овој Протокол и неговите анекси кои се составен дел на Протоколот, ЦЕФТА страните:

1) ќе ги поедностават инспекциите во врска со сите постапки на царинење и ќе ги намалат формалностите во максимално можен обем;
2) ќе ги разменуваат податоците помеѓу царинските органи до степен до кој е дозволено согласно секое национално законодавство;
3) меѓусебно ќе ги признаваат националните програми за овластен економски оператор на секоја ЦЕФТА страна под услов законодавството и примената на секоја национална програма да се целосно во согласност со релевантното право на Европската Унија.

Член 4
Проширување на опсегот

4.1. За да послужи на целокупната цел за олеснување на трговијата, превентивната сигурност и безбедноста поврзани со контролите, ЦЕФТА страните ќе го прошират опсегот на електронска размена на податоци, со цел да се вклучат и други органи, освен царинските, во електронската размена на податоци и ќе ја јакнат соработката помеѓу нивните гранични и други контролни агенции во однос на следново:

а) усогласување на работните денови и часови;
б) усогласување на постапките и формалностите;
в) развој и споделување на заеднички објекти;
г) заеднички контроли;
д) воспоставување на гранична контрола со единствено застанување („one stop").

4.2. Со цел да се олесни регионалната трговија преку поедноставување на царинските и другите постапки во врска со царинењето на стоката и да се намалат формалностите за царинење на стоката, податоците ќе се разменуваат помеѓу ЦЕФТА страните пред пристигнувањето на стоката.
4.3. ЦЕФТА страните ќе ги разменуваат податоците содржани во царинските декларации, документите кои ги придружуваат царинските декларации и сертификатите и сите други релевантни информации потребни за царинење на стоката.

Член 5
Управување со ризик

5.1. ЦЕФТА страните ќе разменуваат податоци преку електронски инструменти со цел:

а) зајакнување и подобрување на квалитетот на нивната анализа на ризик и ефективноста на контролите поврзани со безбедноста;
б) воспоставување на заедничка рамка за управување со ризик, заеднички критериуми за ризик и заеднички приоритетни области за контрола за ЦЕФТА на регионално ниво и
в) воспоставување на електронски систем за спроведување на заедничко управување со ризик помеѓу ЦЕФТА страните.

5.2. Секоја ЦЕФТА страна ќе прифати или одржува систем за управување со ризик за инспекција од сите надлежни органи во сите фази на царинењето на стоките. Прегледот на состојбата ќе биде доставуван на годишно ниво до Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата.

5.3. Секоја ЦЕФТА страна ќе дизајнира и применува управување со ризик со цел да избегне произволна или неоправдана дискриминација помеѓу ЦЕФТА страните каде преовладуваат истите услови или прикриено ограничување на трговијата помеѓу ЦЕФТА страните.

5.4. Секоја ЦЕФТА страна ќе ги насочи царинските и другите релевантни гранични контроли на високо-ризичните пратки и ќе го забрза пропуштањето на ниско-ризичните пратки. ЦЕФТА страната исто така може да избере, по случаен избор, пратки за вакви контроли како дел од нејзиното управување со ризик.

5.5. Секоја ЦЕФТА страна ќе го заснова управувањето со ризик на оценка на ризикот преку соодветни критериуми за селективност. Таквите критериуми за селективност може да ги вклучат, меѓу другото (*интер алиа*), Хармонизираниот систем, природата и описот на стоката, земјата на потекло, земјата од која стоката е испорачана, вредноста на стоката, документ за усогласеност на трговците и видот на транспортните средства.

5.6. ЦЕФТА страните ќе разменуваат, во најголема можна мера, статистички податоци во врска со извршувањето на примената на нивната анализа на ризик и резултатите од нивните контроли и критериуми за селективност при царинењето на стоките.

5.7. Секоја ЦЕФТА страна со другите ЦЕФТА страни, во писмена форма ќе ги потврди до Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата, не подоцна од три години од денот на влегувањето во сила на овој Протокол, следниве информации:

а) надлежните органи кои се вклучени во царинењето на стоките имаат тим или единица која има задача да ги дизајнира, редовно да ги проверува и ажурира системите за управување со ризик;
б) контакт точки во рамките на секој надлежен орган кој е одговорен за управување со ризик и
в) заеднички или компатибилен систем за управување со ризик на целото нивно царинско подрачје.

5.8. ЦЕФТА страните се охрабруваат да усвојат процедури со кои ќе се овозможи комуникација за ризикот помеѓу ЦЕФТА страните преку кои информациите кои се однесуваат на ризикот може да се разменуваат помеѓу надлежните органи вклучени во царинењето на стоката.

Член 6
Известувања за зајакнати контроли и инспекции

6.1. Ако една ЦЕФТА страна усвои или одржува систем за издавање на известувања или упатства до нејзините надлежни органи кои се вклучени во царинењето на стоките, со цел да се зајакне нивото на контроли и инспекции на граница во врска со храната, пијалоците или добиточната храна што се опфатени со известувањето или упатствата за заштита на животот или здравјето на луѓето, животните и растенијата на нејзината територија, следните правила се применуваат во поглед на нивното издавање, укинување или поништување:

(а) известувањето или упатството врз основа на ризик може да се издадат, кога тоа е соодветно ;
(б) известувањето или упатството може да се издаде така што ќе се применува подеднакво само на оние места на влез на стоките каде што се применуваат санитарните и фитосанитарните услови на кои се заснова примената на известувањето или упатството;
(в) известувањето или упатството ќе биде веднаш укинато или поништено кога ќе се создадат околности тоа повеќе да не постои или ако изменетите околности можат да се третираат на начин кој помалку ја ограничува трговијата и
(г) известувањето или упатството, кога ќе се донесе одлука да се укине или поништi, веднаш ќе биде објавено. Објавувањето на неговото укинување или поништување ќе биде направено на недискриминирачки и лесно достапен начин или информацијата ќе и биде доставена на ЦЕФТА страната-извозник или на економскиот оператор.

6.2. Сите известувања, како што е предвидено во овој став, ќе бидат електронски достапни на веб страните на надлежните органи од ЦЕФТА страните кои ги издале. Секоја ЦЕФТА страна ќе стави на располагање, на својот национален јазик и на англиски, листа која ќе идентификува која информација и/или известување ќе бидат доставени на кои веб страни на нивните администрации. Истата листа ќе биде објавена и во Пакетот за транспарентност на ЦЕФТА.

6.3. ЦЕФТА страната веднаш ќе го информира превозникот или увозникот во случај на задржување на стоката што е декларирана за увоз поради инспекција од страна на царинскиот или било кој друг надлежен орган.
6.4. ЦЕФТА страната може, на барање, да даде можност за второ тестирање, во случај кога резултатот од првото тестирање на примерокот земен од надлежниот орган при пристигнување на стоката декларирана за увоз покажува неповолен наод.
6.5. ЦЕФТА страната ќе ги објави, на недискриминирачки и лесно достапен начин, името и адресата на секоја лабораторија каде што се врши тестирањето или оваа информација ќе му ја достави на увозникот кога ќе му биде дадена можноста од став 6.4.

6.6. ЦЕФТА страната ќе го разгледа резултатот од второто тестирање, доколку постои, спроведено согласно став 6.4., при пропуштањето и царинењето на стоката и, ако е соодветно, ќе ги прифати резултатите од тоа тестирање.

Член 7
Објавување на такси и надоместоци што се воведуваат за или во врска со увозот и извозот и казни

7.1. Одредбите од овој член ќе се однесуваат на сите такси и надоместоци освен на увозните и извозните давачки и даноците што се опфатени со член III од ГАТТ 1994, а ги воведуваат ЦЕФТА страните за или во врска со увозот и извозот на стока.
7.2. Известувањето за таксите и надоместоците ќе биде електронски достапно од надлежните органи на секоја ЦЕФТА страна и ќе се објавува согласно член 1 од Спогодбата за олеснување на трговијата на СТО. Ова известување ќе ги опфати

таксите и надоместоците што ќе се применуваат, причината за таквите такси и давачки, надлежниот орган и кога и како треба да се изврши плаќањето.
7.3. При примената на овој член, објавувањата на сите такси и надоместоци, вклучувајќи ги сите детали наведени во став 7.2. ќе бидат достапни на националниот јазик на ЦЕФТА страната која ги издала објавувањата и на англиски јазик.

7.4 Сите објавувања што се однесуваат на таксите и давачките, како што е предвидено во став 7.2., електронски ќе бидат достапни на веб страните на соодветните надлежни органи од ЦЕФТА страните. За секоја ЦЕФТА страна на нејзиниот национален јазик и на англиски јазик, во Пакетот за транспарентност на ЦЕФТА ќе биде достапна единствена листа со исцрпно идентификување и составување на сите такси и надоместоци, причините за таквите такси и надоместоци и надлежниот орган, како и информации кога и како треба да се изврши плаќањето. Овие единствени листи обезбедени од ЦЕФТА страните ќе се ревидираат на годишно ниво и веднаш ќе бидат ажурирани од соодветната ЦЕФТА страна по направената промена во составот на овие единствени листи.

7.5. Нема да се применуваат нови или изменети такси и надоместоци пред да истече соодветен временски период од нивното објавување, освен во итни ситуации. ЦЕФТА страните ќе обезбедат дека законодавството за нови или изменети такси и надоместоци ќе биде достапно согласно став 7.3 пред истекот на временскиот период за нивно објавување и примена. Во случај на итност, ЦЕФТА страната писмено ќе го информира Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата за датумот на влегување во сила на новите или изменетите такси и надоместоци и причините за итното постапување.

7.6. Секоја ЦЕФТА страна периодично ќе ги ревидира своите такси и надоместоци со цел да се намали нивниот број и разновидност, онаму каде е можно. Овие периодични ревизии ЦЕФТА страните ќе ги прават на годишна основа. Секоја ЦЕФТА страна ќе ги доставува извештаите од годишните ревизии до Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата. Првите ревидирани извештаи ќе се достават на првиот состанок на Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата кој ќе се одржи една година по датумот на влегување во сила на Протоколот.

7.7. Таксите и надоместоците за царинска обработка:

(а) ќе бидат ограничени на износот на приближниот трошок за извршените услуги во врска со конкретната увозна или извозна операција; и

(б) не се бара да бидат поврзани со конкретна увозна или извозна операција, под услов да се наплаќаат за услуги кои се тесно поврзани со царинската обработка на стоката.

7.8. За целите на ставовите од 9 до 15, терминот „казни" ги опфаќа казните што ги наметнува царинската администрација на ЦЕФТА страната или други надлежни органи одговорни за царинење на увозната/извозната или стоката во транзит, како последица на прекршувањето на царинските закони, прописите или процедуралните барања на ЦЕФТА страната, или било кој друг закон, пропис или процедурално барање што се применува при увоз, извоз и транзит.
7.9. Секоја ЦЕФТА страна ќе обезбеди дека казните за прекршувањето на царинскиот закон, пропис или процедурално барање или сите други закони, прописи или процедурални барања што се применуваат за извоз, увоз и транзит се однесуваат само на лицето/лицата одговорен/одговорни за прекршувањето на нејзините закони.
7.10. Изречената казна ќе зависи од фактите и околностите на случајот и ќе биде пропорционална на степенот и тежината на повредата.
7.11. Секоја ЦЕФТА страна ќе обезбеди одржливи мерки за да се избегне:

(а) конфликт на интереси при проценката и прибирањето на казните и давачките; и

(б) создавање поттик за проценката или прибирањето на казна што е во спротивност со став 7.8.

7.12. Секоја ЦЕФТА страна ќе обезбеди кога ќе се изрече казна за прекршување на царинските закони, прописи и процедурални барања или сите други закони, прописи или процедурални барања што се применуваат за увоз, извоз и транзит на лицето или лицата на кои се изрекува казната да му/им се достави писмено објаснување во кое е наведена природата на прекршокот и важечкиот закон, пропис или процедура според која е пропишан износот или опсегот на казната за прекршокот.

7.13. Кога некое лице доброволно ѝ ги открие на царинската администрација на ЦЕФТА страната околностите на повредата на царинскиот закон, пропис или процедурално барање или на други агенции околноста на повредата на други закони, прописи или процедурални барања што се применуваат за увоз, извоз и транзит пред истата да биде откриена од страна на царинската администрација или од други агенции, ЦЕФТА страната се охрабрува, кога е соодветно, да го смета овој факт како потенцијален олеснувачки фактор при утврдувањето на казната за тоа лице.

7.14. Одредбите од овој став се применуваат на казните во транзит согласно ставот 7.1.

7.15. Секоја ЦЕФТА страна ќе му овозможи на секое лице на кое царинските или други надлежни органи одговорни за царинењето на стоката му издадат административна одлука, во рамките на нејзината територија, да има право на:

(а) административна жалба или преиспитување од административен орган повисок или независен во однос на службеникот или службата која ја издала одлуката и/или

(б) жалба до судот или преиспитување на одлуката.

Член 8

Формалности поврзани со увоз, извоз и транзит

8.1. Со цел намалување на зачестеноста и сложеноста на формалностите за увоз, извоз и транзит и заради намалување и поедноставување на потребната документација за увоз, извоз и транзит, притоа земајќи ги предвид легитимните цели на политиката и другите фактори какви што се изменетите околности, новите релевантни информации, деловните практики, достапноста на техники и технологии, најдобрите меѓународни практики и придонесите од заинтересираните страни, секоја ЦЕФТА страна ќе ги ревидира овие формалности и потребната документација и на основа на резултатите од ревизијата, ќе обезбеди, кога е соодветно, дека таквите формалности и потребна документација:

(а) се усвоени и/или се применуваат со цел брзо пропуштање и царинење на стоката, особено лесно расипливата стока;

(б) се усвоени и/или се применуваат на начин што има за цел намалување на времето и трошокот за усогласување од страна на трговците и операторите;

(в) избрана е мерка која е најмалку ограничувачка за трговијата во услови кога се разумно достапни две или повеќе алтернативни мерки за исполнување на целта или целите на политиката и

(г) не се застапени, вклучувајќи и делови од нив, ако повеќе не се бараат.

8.2. ЦЕФТА страните ќе ги разгледаат барањата за формалностите и документацијата поврзани со увозот, извозот и транзитот не подоцна од една година по влегување во сила на овој Протокол. По завршувањето на првиот преглед, следните прегледи ќе се вршат на секои две години. Заедничкиот комитет на ЦЕФТА ќе развие процедури за прегледи и размена на релевантни информации и најдобри практики на ЦЕФТА страните, доколку е соодветно, во рок од шест месеци по влегување во сила на овој Протокол.

8.3. Секоја ЦЕФТА страна ќе настојува, кога е тоа соодветно, да прифати хартиени и електронски копии од придружните документи потребни за увозните, извозните и транзитните формалности од страна на царинските и другите надлежни органи.

8.4. Кога надлежен орган на ЦЕФТА страна веќе го има оригиналот од таквите документи, секој друг надлежен орган на таа ЦЕФТА страна ќе прифати хартиени или електронски копии наместо оригиналните документи, доколку е применливо, од надлежниот орган кој го задржува оригиналот. Секоја ЦЕФТА страна ќе потврди дека меморандумите за разбирање се потпишани помеѓу нејзините надлежни органи за да обезбедат взаемно прифаќање на хартиени или електронски копии на документи помеѓу надлежните органи, како што се бара во овој став. Потврдата за потпишување на меморандумите за разбирање писмено ќе се достави до Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата не подоцна од шест месеци по влегување во сила на овој Протокол. Сите меморандуми за разбирање потпишани помеѓу надлежните органи и царинските органи и за кои е известен Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата, ќе се наведат во Матрицата приложена кон овој Протокол како Анекс II, како што е предвидено во член 18.1.

8.5. ЦЕФТА страната нема да бара оригинал или копија од извозните декларации што се поднесени до царинските органи на ЦЕФТА страната од која се извезува, како услов за увоз. Ништо во овој став не исклучува ЦЕФТА страната да побара документи како што се сертификати, дозволи или лиценци како услов за увоз на контролирана или регулирана стока.

8.6. Се охрабруваат ЦЕФТА страните да ги користат релевантните меѓународни стандарди или делови од нив како основа за нивните увозни, извозни и транзитни формалности и постапки, освен ако не е поинаку предвидено со овој Протокол. ЦЕФТА страните ќе одлучат за зачестеноста на периодичните прегледи што треба да се преземат за да се информираат другите ЦЕФТА страни кои меѓународни стандарди или делови од нив се користат за нивните увозни, извозни и транзитни формалности и постапки. Првиот преглед ќе биде направен не подоцна од една година по влегување во сила на овој Протокол.

8.7. ЦЕФТА страните се охрабруваат да ги координираат нивните позиции и да учествуваат, во рамките на нивните ресурси, во подготовката и периодичниот преглед на релевантните меѓународни стандарди од страна на соодветните меѓународни организации.

8.8. Заедничкиот комитет на ЦЕФТА ќе развие процедури за размена на релевантни информации и најдобри практики за примена на меѓународните стандарди од ЦЕФТА страните, како што е соодветно.

Член 9

Заеднички гранични процедури и барања за унифицирана документација

9.1. Секоја ЦЕФТА страна, согласно став 9.2, ќе применува заеднички царински постапки и унифицирани барања на документација за пропуштање и царинење на стока низ нејзината територија. Ништо што е содржано во став 9.2 нема да се применува за да претставува арбитрерна или неоправдана дискриминација или прикриено ограничување помеѓу ЦЕФТА страните каде што преовладуваат исти услови.

9.2. Ништо што е содржано во овој член не ја спречува ЦЕФТА страната да:

(а) ги диференцира нејзините постапки и барања на документација врз основа на природата и видот на стоката, или нејзините начини на транспорт;
(б) ги диференцира нејзините постапки и барања на документација за стоката врз основа на управувањето со ризик;
(в) ги диференцира нејзините постапки и барања на документација со цел да се обезбеди целосно или делумно изземање од увозни давачки или даноци;
(г) применува електронско поднесување или обработка; или

(д) ги диференцира своите постапки и барања на документација во согласност со Спогодбата на СТО за примена на санитарни и фитосанитарни мерки.

Член 10
Одбиени стоки

10.1 Кога стоката презентирана за увоз е одбиена од страна на надлежниот орган на ЦЕФТА страната заради нејзино неисполнување на пропишаните санитарни или фитосанитарни прописи или технички прописи, ЦЕФТА страната, во согласност со своите закони и прописи, ќе му овозможи на увозникот повторно да ја испрати или да ја врати одбиената стока на извозникот или на друго лице назначено од извозникот.
10.2 Кога таквата опција од став 10.1 е дадена, а увозникот не ја спроведува во разумен временски период, надлежниот орган може да преземе поинаков чекор за да се справи со таквата неусогласена стока.

Член 11
Привремен увоз на стока, увоз за облагородување и извоз за облагородување

11.1. Привремен увоз на стока

Секоја ЦЕФТА страна ќе дозволи, во согласност со нејзините закони и прописи, да се внесе стока во нејзиното царинско подрачје условно ослободена, целосно или делумно, од плаќањето на увозните давачки и даноци ако таквата стока е внесена во нејзиното царинското подрачје за одредена цел, ако е наменета за повторен извоз во определен рок и ако не била подложна на никакви промени освен вообичаената амортизација и растурот поради ракувањето со неа.

11.2.Увоз за облагородување и извоз за облагородување

(а) Секоја ЦЕФТА страна ќе дозволи, како што е предвидено со нејзините закони и прописи, увоз за облагородување и извоз за облагородување на стоката. Стоката што е дозволена за извоз за облагородување може да биде повторно увезена со целосно или делумно ослободување од увозните давачки и даноци во согласност со законите и прописите на ЦЕФТА страната.

(б) За целите на овој член, терминот „увоз за облагородување" значи царинска постапка според која одредена стока може да биде внесена во царинското подрачје на ЦЕФТА страната условно ослободена, целосно или делумно, од плаќање на увозни давачки и даноци, или подобна за поврат на давачки, врз основа на тоа што таквата стока е наменета за обработка, преработка или поправка и за последователен извоз.

(в) За целите на овој член, терминот „извоз за облагородување" значи царинска постапка според која стоката што е пуштена во слободен промет во царинското подрачје на ЦЕФТА страната, може да биде привремено извезена заради обработка, преработка или поправка во странство, а потоа да биде повторно увезена.

Член 12
Слобода на транзит

12.1. Сите прописи или формалности во врска со транзитот наметнати од страна на ЦЕФТА страната нема да:

(а) се одржуваат ако околностите или целите кои довеле до нивно усвојување повеќе не постојат или ако променетите околности или цели може да се решат на разумно достапен начин кој е помалку трговско-ограничувачки;

(б) се применуваат на начин што претставува прикриено ограничување во транзит.

12.2. Транзитот нема да биде условен со наплата на такси или давачки наметнати во врска со транзитот, освен трошоците за транспорт или оние пропорционални со административните трошоци кои произлегуваат од транзитот или со трошокот за извршени услуги.

12.3. ЦЕФТА страните нема да бараат, да преземаат или да одржуваат волунтаристички ограничувања или какви било други слични мерки во транзит. Ова не е во спротивност со постојните и идните национални прописи, билатерални или мултилатерални аранжмани поврзани со регулирањето на транспортот, во согласност со правилата на СТО.

12.4. Секоја ЦЕФТА страна ќе се согласи, на производите што ќе бидат во транзит преку територијата на било која друга ЦЕФТА страна, да им обезбеди третман кој не е понеповолен од третманот што ќе се даде на таквите производи ако се транспортираат од нивното место на потекло до нивната дестинација без да поминуваат преку територијата на другата ЦЕФТА страна.

12.5. Формалностите, барањата за документација и царинските контроли во врска со транзитот нема да бидат повеќе оптоварувачки отколку што е неопходно за да се:

(а) идентификува стоката; и

(б) обезбеди исполнување на барања за транзит.

12.6. Откако стоката е ставена во транзитна постапка и е овластена да продолжи од местото на потекло на територија на ЦЕФТА страната, таа нема да подлежи на никакви царински давачки ниту непотребни одложувања или ограничувања сè додека не го заврши нејзиниот транзит до одредишното место во рамките на територијата на ЦЕФТА страната.

12.7. ЦЕФТА страните нема да ги применуваат техничките прописи и постапките за оценка на сообразноста во рамките на значењето на Спогодбата на СТО за технички бариери во трговијата со стока во транзит.

12.8. ЦЕФТА страните ќе дозволат и обезбедат предвремено поднесување и обработка на транзитната документација и податоци пред пристигнување на стоката.

12.9. Откако транзитот ќе стигне до царинската испостава каде што излегува од територијата на ЦЕФТА страната, таа испостава веднаш ќе ја прекине транзитната операција ако се исполнети барањата за транзит.

12.10. Кога една ЦЕФТА страна бара обезбедување во форма на гаранција, депозит или друг соодветен паричен или непаричен инструмент за транзит, таквото обезбедување ќе биде ограничено да обезбеди дека се исполнети барањата што произлегуваат за тој транзит.

12.11. Откога ЦЕФТА страната ќе утврди дека се задоволени нејзините барања за транзит, обезбедувањето ќе се ослободи без одложување.

12.12. Секоја ЦЕФТА страна ќе овозможи, на начин што е во согласност со нејзините закони и прописи, општи гаранции кои вклучуваат повеќе трансакции за исти оператори или обновување на гаранциите без ослободување за следните пратки.

12.13. Секоја ЦЕФТА страна јавно ќе ги објави релевантните информации што ги користи за да го одреди обезбедувањето, вклучувајќи поединечни и, каде што е применливо, општи гаранции. Сите информации, како што е предвидено во овој став, ќе бидат достапни електронски на веб страниците на релевантните надлежни органи на ЦЕФТА страните. Секоја ЦЕФТА страна ќе ја стави на располагање релевантната објава на нејзиниот национален јазик и на англиски јазик. Истата информација ќе биде објавена во Пакетот за транспарентност на ЦЕФТА.

12.14. Секоја ЦЕФТА страна може да бара употреба на царински конвои или

усогласувањето со царинските закони и прописи не може да се обезбеди со користењето на обезбедувања. Општите правила што се применуваат за царинските конвои или царинските придружби ќе бидат објавени согласно член 1 на Спогодбата на СТО за олеснување на трговијата. Сите објави, како што е предвидено во овој став, ќе бидат достапни електронски на веб страниците на царинските органи на ЦЕФТА страните. Секоја ЦЕФТА страна ќе ги стави на располагање релевантните објави на нивниот национален јазик и на англиски јазик.

12.15. ЦЕФТА страните ќе настојуваат да соработуваат и да се координираат едни со други со цел да ја зајакнат слободата на транзитот. Ваквата соработка и координација може да вклучува, но не е ограничена, на разбирање за:

(а) давачките;
(б) формалностите и законските побарувања; и
(в) практичното функционирање на транзитните режими.

12.16. Секое прашање за соработка и координација, како што е наведено во став 12.15, ќе биде упатено до Поткомитетот на ЦЕФТА за царини и правила за потекло, како приоритетно прашање во случај претходно да не е најдено друго билатерално решение.

12.17. Секоја ЦЕФТА страна ќе настојува да назначи национален координатор кој може да ги реши сите прашања и предлози од другите ЦЕФТА страни кои се однесуваат на доброто функционирање на транзитните активности. ЦЕФТА страните ќе ги ставаат на располагање сите детали за комуникација на нивниот национален координатор за транзит со секој друг преку Систематската електронска размена на податоци (Systematic Electronic Exchange of Data - SEED) или други средства за електронска комуникација достапни за сите ЦЕФТА страни.

Член 13
Посебни одредби поврзани со размена на податоци

13.1. Податоците ќе се разменуваат, како на национално, така и на меѓународно ниво, помеѓу царинските органи и надлежните органи кои се вклучени во царинењето на стоките, со користење на воспоставената инфраструктура за размена на податоци „од царина на царина" во согласност со Анекс 1 кој е составен дел на овој Протокол. ЦЕФТА страните ќе разменуваат податоци не помалку од оние кои се наведени во минималната листа на податоци, без оглед на опсегот на податоците за кои се согласиле да бидат разменети билатерално помеѓу ЦЕФТА страните.

13.2. Сите билатерални листи на податоци кои треба да бидат електронски разменети помеѓу ЦЕФТА страните покрај минималната листа на податоци во согласност со ставот 1, ќе ги известат релевантните страни на ЦЕФТА во Заедничкиот комитет на ЦЕФТА не подоцна од 3 месеци по влегување во сила на Протоколот. Во случај на било какви измени на објавените билатерални листи, ќе бидат договорени билатерално помеѓу ЦЕФТА страните по овој датум. Релевантните ЦЕФТА страни ќе го известат за измените претседавачот на ЦЕФТА кој ќе ги информира сите други ЦЕФТА страни за билатералните листи на податоци договорени помеѓу ЦЕФТА страните или нивните измени веднаш по приемот на таквото известување. Ниеден член од овој Протокол нема да се применува на било која билатерална размена на податоци договорена помеѓу ЦЕФТА страните, ако истата не е известена.

13.3. Опсегот на податоци што треба да се разменува преку границите може да биде различен од оној што се разменува на национално ниво.

13.4. Секоја ЦЕФТА страна ќе усвои или ќе одржува постапки со кои ќе се дозволи поднесување на увозната документација и други потребни информации, вклучувајќи и манифести, со цел да започне со обработката на документите пред

пристигнувањето на стоките за да се забрза пропуштањето на стоката по пристигнувањето.

13.5. Секоја ЦЕФТА страна ќе обезбеди, за целите на претходно поднесување, документи во електронска форма за нивна обработка пред пристигнување на стоката.

13.6. Секоја ЦЕФТА страна ќе ги обработи податоците пред пристигнување на стоката во системот за управување со ризик на сите надлежни органи вклучени во царинењето на стоката, со цел да се концентрираат нивните инспекции на високоризични пратки согласно членот 5.4. ЦЕФТА страните ќе го ревидираат опсегот на податоци разменети во рамките на овој Протокол најдоцна 2 години по влегувањето во сила на овој Протокол, со цел да се оцени дали постоечкиот опсег на размена на податоци е доволен за ефективност на системите за управување со ризик на ЦЕФТА страните и за целите на олеснување на трговијата и за целите на превентивна сигурност и контрола на безбедноста.

13.7. Република Молдавија ќе иницира електронска размена на податоци како што е наведено во Анекс I во однос на минималната листа на податоци, само откако ќе има пристап до Систематската електронска размена на податоци (Systematic Electronic Exchange of Data - SEED).

Член 14
Безбедност на поврзување

ЦЕФТА страните, користејќи национални информатички ресурси, ќе ги прилагодат нивните сопствени национални информатички ресурси за размена на податоци користејќи безбедна интернет врска, при што ќе се применува Систематска електронска размена на податоци (SEED)/Виртуелна приватна мрежа (VPN).

Член 15
Софтверски и хардверски комплекс за размена на информации

Со цел подобрување на интероперабилноста, секоја ЦЕФТА страна, при спроведувањето на одредбите од овој Протокол за воспоставување на софтверски и хардверски комплекс, ќе:

а) формира сопствен хардверски комплекс, вклучувајќи софтвер и систем за комуникација што ќе овозможи меѓусебна размена на информации;
б) утврди норми кои го одредуваат степенот на изложеност и процедури за документација, пристап, складирање, распростирање и заштита на податоци;
в) овозможи усогласеност на нејзиниот софтверски и харверски комплекс за електронска размена на податоци за безбедност на информации, во согласност со стандардите на засегнатата ЦЕФТА страна;
г) утврди и спроведе постапки за јавна набавка за натамошно одржување, по спроведувањето, со национална или друга буџетска поддршка;
д) обезбеди целосна, доверлива и навремена достава на податоци.

Член 16
Време на електронска размена на информации

16.1 Електронската размена на информации ќе биде во реално време и во согласност со договорената структура, состав, формат и стандарди за трансфер на податоци согласно Анекс I.
16.2. Структурата, форматот и стандардите за трансфер на податоци ќе бидат унифицирани за сите ЦЕФТА страни.

Член 17
Доверливост на податоци

17.1. Податоците обезбедени од ЦЕФТА страните ќе бидат доверливи и ќе се користат исклучиво за целите на овој Протокол.

17.2. Без согласност на ЦЕФТА страната која ги обезбедува податоците, добиени согласно овој Протокол, нема да се пренесат на другите ЦЕФТА страни.

Член 18
Транспарентност во размената на податоци на национално ниво

18.1. ЦЕФТА страните ќе ги преземат сите неопходни чекори како што се бара во нивното домашно законодавство со цел да се обезбеди размена на податоци помеѓу нивните царински органи и другите надлежни органи вклучени во царинењето на стоката. За целите на транспарентност, аранжманите на национално ниво кои обезбедуваат меѓу-агенциска размена на податоци се наведени во матрица што ќе се приложи кон Протокол (Анекс II).

18.2. ЦЕФТА страните ќе ја ажурираат листата на меморандуми за разбирање/соработка на национално ниво, секогаш кога е направена промена во овие меморандуми, со помош на матрицата што ќе се приложи кон овој Протокол. Известувањата за ажурирања ќе се доставуваат во писмена форма до Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата.

Член 19
Електронско плаќање

19.1. Секоја ЦЕФТА страна ќе усвои и ќе одржува процедури со кои ќе се овозможи опција за електронско плаќање на царини, даноци, надоместоци и давачки што ги наплаќаат царинските органи при увоз и/или извоз.

19.2. ЦЕФТА страните ќе го известат Заедничкиот комитет на ЦЕФТА, најдоцна една година по влегувањето во сила на овој Протокол, во писмена форма и на англиски јазик, за листата на процедури со кои се овозможуваат електронски плаќања на царините, даноците, надоместоците и давачките како што е предвидено во став 19.1.

Член 20
Одделување на ослободувањето на стоката
од конечно утврдување на царините, даноците, надоместоците и давачките

20.1. Секоја ЦЕФТА страна ќе усвои или ќе одржува процедури со кои ќе се дозволи ослободување на стоката пред конечното утврдување на царините, даноците, надоместоците и давачките, ако таквото утврдување не е направено пред или во моментот на пристигнување или што е можно побрзо по пристигнувањето и под услов да се исполнети сите други барања за увоз/извоз.

20.2. Како услов за таквото ослободување, ЦЕФТА страните може да бараат:

(а) плаќање на царини, даноци, надоместоци и давачки што биле утврдени пред или по пристигнување на стоката и обезбедување за било кој износ што уште не е определен во форма на гаранција, депозит или друг соодветен инструмент предвиден во нивното законодавство; или
(б) обезбедување во форма на гаранција, депозит или друг соодветен инструмент предвиден во нивното законодавство.

20.3. Ваквото обезбедување не може да биде повисоко од износот што го бараат ЦЕФТА страните за да се обезбеди плаќање на царини, даноци, надоместоци и давачки што во крајна линија се должат за стоката опфатена со обезбедувањето.

20.4. Во случаите кога е откриен прекршок со кој се бара наметнување на парични казни или глоби, може да се бара обезбедување за казните или глобите кои би можеле да се изречат.

20.5. Обезбедувањето предвидено во ставовите 20.2. (а) и 20.2 (б) се ослободува кога повеќе не е потребно.

20.6. Ништо што е содржано во овие одредби нема да влијае врз правото на ЦЕФТА страните да ја прегледаат, задржат, запленат или конфискуваат стоката или да ракуваат со неа на било кој начин што не е во спротивност со правилата на релевантните СТО спогодби.

Член 21
Пост-царинска контрола

21.1. Во насока на забрзување на ослободувањето на стоката, секоја ЦЕФТА страна ќе усвои или ќе одржува пост-царинска контрола за да обезбеди усогласеност со царинските и другите сродни закони.

21.2. Секоја ЦЕФТА страна ќе избере економски оператор или пратка за пост-царинска контрола на начин базиран на ризик, кој може да вклучи и соодветни критериуми за селективност. Секоја ЦЕФТА страна ќе спроведува пост-царински контроли на транспарентен начин. Кога економскиот оператор е вклучен во процесот на контрола и се добиени конечни резултати, ЦЕФТА страната, без одлагање, ќе го извести економскиот оператор чиј запис се контролира за резултатите, за правата и обврските на економскиот оператор и причините за резултатите.

21.3. Информациите добиени од пост-царинските контроли може да се користат во понатамошни управни или судски постапки.

21.4. ЦЕФТА страните ќе го искористат резултатот од пост-царинските контроли при примената на управувањето со ризик.

Член 22
Воспоставување и објавување на просечното време на пропуштање на стоката

22.1. ЦЕФТА страните имаат за цел периодично и на доследен начин да го мерат и да го објавуваат нивното просечно време на пропуштање на стоката, со примена на алатки каква што е, меѓу другото (*интер алиа*), Студијата за мерење на времето за пропуштање на стока на Светската царинска организација (во понатамошниот текст на Протоколот „СЦО"). Секоја ЦЕФТА страна може да ги определи опсегот и методологијата на таквите мерења на просечното време за пропуштање на стоката согласно нејзините потреби и капацитети. Секоја ЦЕФТА страна ќе ги потврди опсегот и методологијата за мерење на просечното време за пропуштање на стоката во писмена форма до Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата, веднаш по влегување во сила на овој Протокол. Во ова известување, ЦЕФТА страните може да одлучат за транзицискиот период за примена на овој член. Транзицискиот период не треба да биде подолг од една година по влегувањето во сила на овој Протокол.

22.2. ЦЕФТА страните се обврзуваат да ги споделат со Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата нивните искуства во мерењето на просечното време на пропуштање на стоката, вклучувајќи ги применетите методологии, идентификуваните тесни грла и ефектите врз ефикасноста.

Член 23
Расиплива стока[4]

23.1. Со цел да се спречи губење или влошување на расипливата стока и под услов да се исполнети сите законски барања, секоја ЦЕФТА страна ќе ја ослободи расипливата стока:

(а) под нормални околности, во најкраток можен рок; и
(б) во исклучителни околности, онаму каде што е соодветно, надвор од работното време на царинските и другите надлежни органи.

23.2. Секоја ЦЕФТА страна ќе даде приоритет на расипливата стока при закажувањето на прегледи кои можат да бидат потребни.

23.3. Секоја ЦЕФТА страна ќе организира или ќе дозволи економски оператор да организира соодветно складирање на расипливите стоки во очекување на нивното ослободување. ЦЕФТА страните може да бараат сите простории за складирање што ги организирал увозникот да бидат одобрени или назначени од нивните надлежни органи. Движењето на стоката во тие простории за складирање, вклучувајќи ги и овластувањата за операторот што ја преместува стоката, може да бидат предмет на одобрување од надлежните органи, доколку е потребно. ЦЕФТА страните, онаму каде што е можно и во согласност со домашното законодавство, на барање на економскиот оператор, ќе ги обезбедат сите неопходни постапки за ослободувањето на стоката да се одвива во тие простории за складирање.

23.4. Во случаи на значително одложување на ослободувањето на расипливата стока и врз основа на писмено барање, ЦЕФТА страната увозник, колку што е можно, ќе обезбеди известување за причините за доцнењето.

Член 24
Соработка помеѓу граничните и другите агенции

24.1. Секоја ЦЕФТА страна ќе обезбеди дека нејзините надлежни органи одговорни за граничната и другите контроли и процедури за увоз, извоз и транзит на стоката, соработуваат едни со други и ги координираат нивните активности со цел да ја олеснат трговијата.

24.2. ЦЕФТА страните ќе се уверат дека, со експресно делегирање од страна на надлежните органи и во нивно име, една од другите застапувани служби и по можност царинската служба, може да врши инспекции за кои се одговорни тие органи и дотолку таквите инспекции се однесуваат на барањето да се изработат неопходните документи, проверка на валидноста и автентичноста на истите и идентитетот на стоката декларирана во тие документи. Во тој случај, засегнатите органи ќе обезбедат дека потребните средства за извршување на таквите проверки се достапни.

24.3. Во случај на стока што се увезува или се става во транзит, ЦЕФТА страните ќе ги признаат законодавството и процедурите поврзани со инспекциите и документите кои што се извршени односно изготвени од надлежните органи од другата ЦЕФТА страна, со кои се потврдува дека стоката е усогласена со правните барања на земјата на увоз или еквивалентните барања на земјата на извоз, под услов законодавството и процедурите, како и нивното спроведување, целосно да се во согласност со релевантното законодавство на ЕУ. Валидацијата на статусот на усогласување со ЕУ ќе се изврши во согласност со релевантните процедури за валидација на усогласеноста со ЕУ. Постапките на валидација ќе бидат усвоени од Заедничкиот комитет на ЦЕФТА. Пред оваа валидација не е можно да се признаат

[4] За целите на оваа одредба, расиплива стока е стока која брзо се распаѓа поради нејзините природни карактеристики, особено во отсуство на соодветни услови за складирање.

инспекциите и документите, како што е предвидено во овој став независно од било кој билатерален правен инструмент помеѓу ЦЕФТА страните.

24.4. Доколку обемот на сообраќај го гарантира тоа, ЦЕФТА страните ќе се уверат дека:

(а) граничните премини се отворени, освен кога сообраќајот е забранет, така што:

- границите може да се преминат 24 часа на ден со соодветните инспекции и формалности за стоката која е во царинска транзитна постапка, нивните превозни средства и возила кои патуваат без товар, освен кога граничната инспекција е неопходна да се спречи ширењето на болеста или да ги заштити животните;
- инспекциите и формалностите во врска со движењето на превозните средства и стоката која не се движи под царинска транзитна постапка, може да се извршат од понеделник до петок во непрекинат период од најмалку 10 часа и во сабота во непрекинат период од најмалку 6 часа, освен ако тие денови се државни празници;

(б) во однос на возилата и стоката кои се превезуваат по воздушен пат, периодите наведени во втората алинеја на точка (а) ќе се прилагодат на начин да ги задоволат актуелните потреби, и за таа цел, ќе бидат поделени или проширени ако е потребно.

24.5. Кога неколку гранични премини се наоѓаат во непосредна близина на дадена погранична зона, ЦЕФТА страните може меѓусебно да се договорат, за некои од овие премини, да отстапат од ставот 24.4, под услов другите премини во таа зона да се во можност да ги царинат стоката и возилата во согласност со тој став.

24.6. Што се однесува до граничните премини и царинските испостави и служби наведени во став 24.4, и под услови утврдени од ЦЕФТА страните, надлежните органи, доколку е тоа посебно побарано во текот на работното време и поради неодложни причини, ќе обезбедат да се извршат инспекции и формалности, по исклучок, надвор од работното време, под услов, кога е тоа релевантно, да се изврши плаќање за таквите услуги.

24.7. ЦЕФТА страните ќе настојуваат на граничните премини, каде што е технички можно и оправдано за обемот на сообраќај, да воспостават експресни ленти резервирани за стоки кои се ставени во царинска транзитна постапка, нивните транспортни средства, возилата кои се без товар и сите стоки кои се предмет на такви инспекции и формалности, така што да не се надминат барањата за стоките ставени во транзитна постапка.

24.8. Примената на членовите 24.4, 24.5, 24.6 и 24.7 ќе започне две години по влегувањето во сила на овој Протокол без да е во спротивност со било кои билатерални правни акти помеѓу ЦЕФТА страните договорени пред овој датум. За сите релевантни билатерални правни акти, склучени порано од овој датум, веднаш во писмена форма и на англиски јазик ќе биде известен Комитетот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата веднаш по влегувањето во сила на релевантните билатерални правни акти.

Член 25
Овластен економски оператор (ОЕО)

25.1. Секоја ЦЕФТА страна ќе додели статус на „Овластен економски оператор (ОЕО)" во согласност со Анекс III од овој Протокол. Суспендирањето, одбивањето, одземањето и поништувањето на статусот на овластен економски оператор ќе се врши исто така во согласност со Анекс III. Статусот на ОЕО ќе се признава од другите ЦЕФТА страни под услов примената на програмите за ОЕО да бидат целосно во согласност со Анекс III. Статусот на усогласеност и примена на секоја програма за ОЕО ќе биде потврдена од другите ЦЕФТА страни, без да е во

спротивност со царинските инспекции, во согласност со релевантните процедури кои ќе бидат усвоени од Заедничкиот комитет на ЦЕФТА.

25.2. Во секоја од ЦЕФТА страните, ОЕО-и ќе уживаат олеснување во однос на сите царински контроли како што е наведено во Анекс III.

Член 26
Размена на информации помеѓу ЦЕФТА страните за нивната програма за ОЕО

ЦЕФТА страните редовно ќе се информираат помеѓу себе за идентитетите на нивните ОЕО-и, за целите на безбедност и ќе ги вклучуваат следните информации:

а) идентификација на трговецот;
б) име и адреса на ОЕО;
в) број на документот со кој е добиен статусот на ОЕО;
г) тековниот статус (активен, суспендиран, одземен)
д) периодите на промена на статусот;
ѓ) датумот на кој сертификатот стапува на сила;
е) органот кој го издал сертификатот.

Член 27
Заштита на професионална тајност и лични податоци

27.1. Податоците кои ги разменуваат ЦЕФТА страните ќе ја уживаат заштитата проширена со професионалната тајност и личните податоци, како што е дефинирано во релевантното законодавство кое се применува на територијата на ЦЕФТА страната-примач.

27.2. Особено, овие податоци нема да бидат пренесени на лица кои не се надлежни органи во односната ЦЕФТА страна, ниту пак ќе бидат користени од тие органи за други цели различни од оние дадени во овој Протокол.

Член 28
Известување за нови инспекции и формалности

28.1. Кога ЦЕФТА страна има намера да воведе нова инспекција или формалност во област различна од оние опфатени со овој Протокол, ги известува другите ЦЕФТА страни најмалку шеесет дена пред нејзиното воведување.

28.2. Засегнатата ЦЕФТА страна ќе осигура дека мерките што се преземаат за олеснување на преминувањето на границите не се оневозможени со примената на таквите нови инспекции или формалности.

Член 29
Забрани или органичувања на увозот, извозот или транзитот на стоките

29.1. Одредбите од овој Протокол не ги исклучуваат забраните или ограничувањата на увозот, извозот или транзитот на стоки што ги донеле ЦЕФТА страните и се оправдани врз основа на јавен морал, јавна политика или јавна безбедност, заштита на здравјето и животот на луѓето, животните, растенијата или околината, заштита на националните богатства со уметничка, историска или археолошка вредност или заштита на индустриската или трговската сопственост.

29.2. Секоја ЦЕФТА страна ќе го применува овој член на начин да се избегне арбитрерна или неоправдана дискриминација помеѓу ЦЕФТА страните каде што преовладуваат исти услови или прикриено органичување на трговијата помеѓу ЦЕФТА страните.

Член 30
Тело за спроведување

Заедничкиот комитет на ЦЕФТА врши надзор и управување со спроведувањето на овој Протокол во согласност со членовите 40 и 41 од ЦЕФТА 2006.

Член 31
Решавање на спорови

Согласно член 14.4 од ЦЕФТА 2006, ЦЕФТА страните ќе ги применуваат сите одредби од овој Протокол за поедноставување и олеснување на царинските постапки и ќе ги намалат формалностите наметнати во трговијата. Било кој спор помеѓу ЦЕФТА страните, во однос на толкувањето или примената на овој Протокол, ќе биде предмет на постапката како што е предвидено во член 42 од ЦЕФТА 2006.

Член 32
Спроведување

Секоја ЦЕФТА страна ќе преземе соодветни мерки за да осигура дека одредбите од овој Протокол се применуваат ефикасно и усогласено, имајќи ја предвид потребата за олеснување на преминувањето на стоките преку граници и потребата да се постигнат заемно задоволителни решенија за сите потешкотии што произлегуваат од примената на наведените одредби.

Член 33
Ревизија

Овој Протокол и неговите анекси се составен дел на ЦЕФТА 2006. Секоја измена на овој Протокол ќе се врши во согласност со член 47 од ЦЕФТА 2006.

Член 34
Несовпаѓање

Во случај на значително несовпаѓање на податоците во меѓусебната размена на информации, ЦЕФТА страните ќе спроведат билатерални консултации за да ги идентификуваат причините, во рок од еден месец по известувањето за несовпаѓање и ќе ги елиминираат грешките што е можно најрано.

Член 35
Ратификација

35.1. Овој Протокол е предмет на ратификација, прифаќање или одобрување во согласност со барањата предвидени во домашното законодавство на секоја ЦЕФТА страна. Инструментите за ратификација, прифаќање или одобрување ќе се депонираат кај Депозитарот.

35.2. Овој Протокол ќе влезе во сила на триесеттиот ден од депонирањето на третиот инструмент за ратификација, прифаќање или одобрување.

35.3. За секоја ЦЕФТА страна која го депонира својот инструмент за ратификација, прифаќање или одобрување по датумот на депонирање на третиот инструмент на ратификација, прифаќање или одобрување, овој Дополнителен протокол 5 ќе влезе во сила на триесеттиот ден од денот кога ЦЕФТА страната го депонирала својот инструмент за ратификација, прифаќање или одобрување.

35.4. Доколку уставните барања дозволуваат, секоја ЦЕФТА страна може привремено да го применува овој Протокол. За привремената примена на овој Протокол, согласно овој став, се известува Депозитарот.

ВО ПОТВРДА НА ТОА, полномошниците на сите ЦЕФТА страни, кои се прописно овластени за тоа, го усвоија овој Протокол.

Составено во _____ на _____ во единствена автентична копија на англиски јазик, која ќе биде депонирана кај Депозитарот на ЦЕФТА 2006, кој ќе достави заверени копии до сите ЦЕФТА страни.

АНЕКС I
Електронска размена на информации

Поедноставување на инспекциите поврзани со постапките на царинење и намалување на формалностите до најголем можен степен

1.1.Размена на податоци помеѓу надлежните институции вклучени во царинењето на стоките

Овој дел дефинира:

а. Институции кои разменуваат податоци;
б. Видови на документи кои се разменуваат помеѓу ЦЕФТА страните;
в. Релевантни меѓународни стандарди/модели кои се користат;

Детални спецификации за целта, очекуваните предности за владините институции/деловната заедница, субјектот, податочниот кластер, активирањето, поврзувањето, интегрирањето и комуникациските слоеви на размена на податоци помеѓу надлежните органи вклучени во царинењето на стока се дадени во Додатокот I на овој Анекс.

Табела 1.1. (1): Документи кои се разменуваат

	Вид на документ	ЦЕФТА страна која го издава	ЦЕФТА страна која го прима	Стандард* / Модел што се користи
1.	Ветеринарен здравствен сертификат за производи од животинско потекло	Страна на извоз - **Ветеринарна управа / Национална управа за храна / Министерство за земјоделство**	Страна на увоз - **Ветеринарна управа / Национална управа за храна / Министерство за земјоделство**	Европска унија – Ветеринарен сертификат на ЕУ
2.	Ветеринарен здравствен сертификат за живи животни	Страна на извоз - **Ветеринарна управа / Национална управа за храна / Министерство за земјоделство**	Страна на увоз - **Ветеринарна управа / Национална управа за храна / Министерство за земјоделство**	Европска унија – Ветеринарен сертификат на ЕУ
3.	Фитосанитарен сертификат за извоз	Страна на извоз - **фитосанитарен / земјоделски / национална управа за храна / Министерство за земјоделство**	Страна на увоз - **фитосанитарен / земјоделски / национална управа за храна / Министерство за земјоделство**	Меѓународна конвенција за заштита на растенијата - ISPM 12 (Меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки - 12) Анекс 1 Модел на фитосанитарен сертификат за извоз
4.	Фитосанитарен сертификат за повторен извоз	Страна на извоз - **фитосанитарен/ земјоделски орган / Министерство за земјоделство**	Страна на увоз - **фитосанитарен/ земјоделски орган / Министерство за земјоделство**	Меѓународна конвенција за заштита на растенијата - ISPM 12 (Меѓународни стандарди за фитосанитарни мерки -12) Анекс 2 Модел на фитосанитарен

				сертификат за повторен извоз
5.	Сертификат за фармацевтски производ	Страна на извоз – **Агенција за лекови / Министерство за здравство**	Страна на увоз - **Агенција за лекови / Министерство за здравство**	Светска здравствена организација (СЗО) – Модел на сертификат за фармацевтски производи
6.	Дозвола за извоз за групи на лекови кои содржат контролирани супстанци	Страна на извоз - **Агенција за лекови / Министерство за здравство**	Страна на увоз - **Агенција за лекови / Министерство за здравство**	Нема специфичен стандард / модел што се користи

**Дополнителен протокол 5, член 8.6: Страните на ЦЕФТА се охрабруваат да ги користат соодветните меѓународни стандарди или нивни делови како основа за нивните увозни, извозни или транзитни формалности и постапки, освен ако не е поинаку предвидено со овој Протокол.*

1.2.Детални спецификации на слојот на ентитети и слој на кластер со податоци

Овој дел ги дефинира заедничките збирки на податоци од документите презентирани во Табела 1.1. (1) кои ќе се разменуваат помеѓу страните на ЦЕФТА:

- Првата колона ги наведува референците за соодветната рубрика на документот (ако има);
- Втората колона го претставува името на полето за податоци кое треба да се разменува;
- Третата колона назначува дали внесените податоци се:
  - М – Задолжително;
  - О – Опционално;
  - С – Условно;

Табела 1.2.(1) : Ветеринарен здравствен сертификат за производи од животинско потекло

1.	Ветеринарен здравствен сертификат за производи од животинско потекло	М/О/С
I	Дел I- Информации за испраќачот / примачот	
I.1.	**Испраќач**	
	Име	М
	Адреса	М
	Тел.	М
I.2.	**Референтен број на сертификатот**	М
I.3.	**Централен надлежен орган**	М
I.4.	**Локален надлежен орган**	М
I.5.	**Примач**	
	Име	М
	Адреса	М
	Поштенски број	О
	Тел.	О
I.6.	Лице одговорно за пратката на одредиштето	
	Име	М
	Адреса	М
	Поштенски број	О
	Тел.	О
I.7.	**Земја на потекло** (Земја на потекло/ ISO код)	М
I.8.	**Регион на потекло** (регион на потекло / код)	М

I.	**Ветеринарен здравствен сертификат за производи од животинско потекло**	**М/О**
I.9.	**Земја на дестинација** (земја на дестинација / ISO код)	М
I.10.	**Регион на дестинација** (регион на дестинација / код)	О
I.11.	**Место на потекло**	
	Име	М
	Број на одобрение	М
	Адреса	М
I.12.	**Место на дестинација**	
	Место на дестинација	М
	Адреса	М
I.13.	**Место на товарање**	
	Место на товарање	М
	Адреса	М
	Број на одобрение	М
I.14.	**Датум на заминување**	М
I.15.	**Средства за транспорт** (означете соодветно)	
	авион-железнички вагон-патничко возило-Друго / Идентификација / Документарни референци	М
I.16.	**Влез BIP во страната на ЦЕФТА за увоз**	М
I.17.	**Број(броеви) на CITES**	О
I.18.	**Опис на стоката**	М
I.19.	**Тарифна ознака (HS код)**	М
I.20.	**Количина**	М
I.21.	**Температура на производот (означете соодветно)**	
	Амбиентално-разладено-замрзнато	М
I.22.	**Број на пакети**	М
I.23.	**Идентификација на контејнерот / број на пломба**	М
I.24.	**Вид на пакување**	М
I.25.	**Стока заверена за: (означете соодветно)**	
	колење - одгледување – товење	М
I.26.	**За транзит во трета земја** (земја / ISO код)	О
I.27.	**За увоз или влез во ЦЕФТА-страна за увоз**	М
I.28.	**Идентификација на стока**	
	Видови [Научно име]	М
	Одобрен број на објектот	М
	Природа на стоката	М
	Тип на третман	М
	Кланица	М
	Број на пакувања	М
	Број на одобрение	М
	Нетто тежина	М
	Касапница	О
	Сериски број	М
	Ладилник	М
	Официјален инспектор	
	Име	М
	Квалификација и звање	М
	Датум	М
	Надлежен орган	М
II[5]	Дел II - Сертификација (здравствени информации)	М
II.1.	Здравствено атестирање	М
II.2.	Јавно здравствено атестирање	М
II.2.	Атестирање на здравјето на животните	М

[5] Точниот текст на делот од сертификатот кој се разменува помеѓу Страните е договорен и дефиниран на билатерална основа (помеѓу секој пар на ЦЕФТА страните) и посебно за секој вид на стока за која е потребен ветеринарно здравствен сертификат. Измените на текстот во сертификациониот дел се договараат на билатерална основа помеѓу засегнатите ЦЕФТА страни

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

1.	**Ветеринарен здравствен сертификат за производи од животинско потекло**	**М/О**
	Забелешки	О

Табела 1.2.(2): Ветеринарен здравствен сертификат за живи животни

2.	**Ветеринарен здравствен сертификат за живи животни**	**М/О**
I	Дел I- Информации за испраќачот / примачот	
I.1.	**Испраќач**	
	Име	М
	Адреса	М
	Тел.	М
I.2.	**Референтен број на сертификатот**	М
I.3.	**Централен надлежен орган**	М
I.4.	**Локален надлежен орган**	М
I.5.	**Примач**	
	Име	М
	Адреса	М
	Поштенски број	О
	Тел.	О
I.6.	**Лице одговорно за пратката на одредиштето**	
	Име	М
	Адреса	М
	Поштенски број	О
	Тел.	О
I.7	**Земја на потекло** (Земја на потекло/ ISO код)	М
I.8.	**Регион на потекло** (регион на потекло / код)	О
I.9.	**Земја на дестинација** (земја на дестинација / ISO код)	М
I.10.	**Регион на дестинација** (регион на дестинација / код)	М
I.11.	**Место на потекло**	
	Име	М
	Број на одобрение	М
	Адреса	М
I.12.	**Место на дестинација**	
	Место на дестинација	М
	Адреса	М
I.13.	**Место на товарање**	
	Место на товарање	М
	Адреса	М
	Број на одобрение	М
I.14.	**Дата на заминување**	М
I.15.	**Средства за транспорт** (означете соодветно)	
	авион-железнички вагон-патничко возило-Друго / Идентификација / Документарни референци	М
I.16.	**Влез BIP во страната на ЦЕФТА за увоз**	М
I.17.	**Број (броеви) од CITES**	О
I.18.	**Опис на стоката**	М
I.19.	**Тарифна ознака (HS код)**	М
I.20.	**Количина**	М
I.22.	**Број на пакети**	М
I.23.	**Идентификација на контејнерот / број на пломба**	М
I.24.	**Вид на пакување**	М
I.25.	**Стока заверена за: (означете соодветно)**	
	Колење- Одгледување – Товење	М
I.26.	**За транзит во трета земја** (земја / ISO код)	О
I.27.	**За увоз или влез во ЦЕФТА-страна за увоз**	М
I.28.	**Идентификација на стока**	
	Видови [Научно име]	М

2.	Меѓународен здравствен сертификат за живи животни	М/О/С
	Раса	М
	Систем за идентификација	М
	Идентификациски број	М
	Возраст	М
	Пол	М
	Официјален инспектор	
	Име	М
	Квалификација и звање	М
	Датум	М
	Надлежен орган	М
II[6]	Дел II - Сертификација (здравствени информации)	
II.1.	Здравствено атестирање	М
II.2.	Јавно здравствено атестирање	М
II.2.	Атестирање на здравјето на животните	М
II.3.	Атестирање на транспортот на животни	М
	Забелешки	

Табела 1.2.(3): Фитосанитарен сертификат за извоз

3.	[illegible]	М/О
	Детали за сертификатот:	
1.	Име и адреса на извозникот	М
2.	Број на сертификатот	М
	Опис на пратката:	
3.	Декларирано име и адреса на примачот	М
4.	Организација за заштита на растенијата (издавачки орган)	М
5.	Место на потекло	М
6.	Декларирани средства за пренесување	М
7.	Декларирана точка на влез	М
8.	Карактеристични знаци	
а.	Број и опис на пакувања	М
б.	Име на производот	М
в.	Ботаничко име на растенија	М
9.	Декларирана количина	М
10	**Тип на сертификат: извоз**	
	Ова треба да потврди дека растенијата, растителните производи или другите регулирани ставки опишани овде се проверени и / или тестирани според соодветни официјални процедури и се смета дека се ослободени од карантинските штетници специфицирани од договорната страна на увозот и усогласени со тековните фитосанитарни барања на договорната страна увозник, вклучувајќи ги и оние за регулирани некарантински штетници.	М
	Дополнителна декларација	
11.	Дополнителна декларација	О
	Дезинсекција и / или третман на дезинфекција	
12.	Третман	М
13.	Хемиски (активна состојка)	О
14.	Времетраење и температура	О
15.	Концентрација	О
16.	Датум	М
17.	**Дополнителни информации**	
а.	Место на издавање	М
б.	Име и потпис на овластен службеник	М
в.	Датум	М

[6] Точниот текст на делот од сертификатот кој се разменува помеѓу Страните е договорен и дефиниран на билатерална основа (помеѓу секој пар на ЦЕФТА страните) и посебно за секој вид на стока за која е потребен ветеринарно здравствен сертификат. Измените на текстот во сертификациониот дел се договараат на билатерална основа помеѓу засегнатите ЦЕФТА страни

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Табела 1.2.(4): Фитосанитарен сертификат за повторен извоз

4.	Фитосанитарен сертификат за повторен извоз	М/О/С
	Детали за сертификатот:	
1.	Име и адреса на извозникот	М
2.	Број на сертификатот	М
	Опис на пратката:	
3.	Декларирано име и адреса на примачот	М
4.	Организација за заштита на растенијата (издавачки орган)	М
5.	Место на потекло	М
6.	Декларирани средства за пренесување	М
7.	Декларирана точка на влез	М
8.	Карактеристични знаци	
а.	Број и опис на пакети	М
б.	Име на производот	М
в.	Ботаничко име на растенија	М
9.	Декларирана количина	М
10	**Вид на сертификат: извоз**	
	Ова треба да потврди дека растенијата, растителните производи или другите регулирани ставки опишани овде се увезени	
	[ЦЕФТА страна на повторен извоз]	М
	Од	
	[Земја на потекло]	М
	опфатени со фитосанитарен сертификат	
	[Број на сертификатот]	М
	[оригинален] [Заверена копија]	О О
	Од кои е прикачен на овој сертификат; Дека тие се	
	[Спакувани] [Препакувани]	О О
	Во	
	[Оригинален] [нов]	О О
	врз основа на	
	[Оригинален фитосанитарен сертификат] и [Дополнителна инспекција],	О О
	се смета дека се во согласност со тековните фитосанитарни барања на договорната страна увозник и дека за време на сместувањето во	
	[ЦЕФТА страната за повторен извоз],	М
	Пратката не била изложена на ризик од зараза или инфекција.	
	Дополнителна декларација	
11.	Дополнителна декларација	О
	Дезинсекција и / или дезинфекција	
12.	Третман	М
13.	Хемиски (активна состојка)	О
14.	Времетраење и температура	О
15.	Концентрација	О
16.	Датум	М
17.	**Дополнителни информации**	**О**
а.	Место на издавање	М
б.	Име и потпис на овластен службеник	М
в.	Датум	М

Табела 1.2.(5): Сертификат за фармацевтски производи

5.	Сертификат за фармацевтски производи	М/О/С
	Одговорна агенција	М
	Број	М
	Датум на издавање	М
	Место на издавање	М

	Број на Сертификат	М
	Испраќач / Извозник: [Агенција за лекови од ЦЕФТА страна за извоз]	М
	Примач / Увозник: [Агенција за лекови од ЦЕФТА страна за увоз]	М
1.	Име и дозирна форма на производот:	М
1.1.	Активна состојка (и) и износ (и) по единица доза	М
1.2.	Дали овој производ е лиценциран за да се пласира на пазарот за употреба во земјата извозник?	(да/не)
1.3	Дали овој производ всушност е на пазарот во земјата извозник?	(да/не)
	Ако одговорот на 1.2. е ДА: (продолжете со одделот 2А и пропуштете го дел 2В)	
2.А.1.	Број на лиценцата за производот и датум на издавање	С, М
2.А.2.	Носител на лиценцата за производот (име и адреса)	С, М
2.А.3.	Статус на имателот на лиценцата:	С, М
2.А.3.1.	За категориите b и c се наведува името и адресата на производителот што ја произведува дозирната форма	С, О
2.А.4.	Дали е додадено резиме за одобрување?	(да/не)
2.А.5.	Дали приложените, официјално одобрени информации за производот се комплетни и во согласност со лиценцата?	(да/не/ не се предвидени)
2.А.6.	Барателот за сертификат, ако е различен од носителот на лиценцата (име и адреса)	С
	Ако одговорот на 1.2 е НЕ (пропуштете го дел 2А и обезбедете податоци од оддел 2В)	
2Б.1.	Барател за сертификат (име и адреса)	С, М
2.Б.2.	Статус на барателот:	С, М
2.Б.2.1.	За категориите б и в се наведува името и адресата на производителот што ја произведува дозирната форма	С, О
2.Б.3.	Зошто нема овластување за маркетинг? (Не е потребно / не е побарано / се разгледува / одбиено)	С, М
2.Б.4.	Забелешки	С, О
3.	Дали органот за сертификација организира периодична инспекција на производниот погон во кој се произведува дозирната форма?	(да/не/ не се предвидени)
	(Ако не или не е применливо, продолжете со прашање 4.)	
3.1.	Периодичност на рутински инспекции (години)	С, М
3.2.	Дали е извршен преглед на производството на овој тип на дозирна форма?	(да/не)
3.3	Дали објектите и операциите се во согласност со GMP како што е препорачано од Светската здравствена организација?	(да/не/ не се предвидени)
4.	Дали информациите доставени од барателот го задоволуваат органот за потврдување за сите аспекти на производството на производот:	(да/не)
	(Ако не, дадете објаснување)	
	Објаснување	С, М
	Адреса на органот за потврдување:	М
	Телефон / Факс:	О
	Име на овластено лице:	М
	Датум:	М

Табела 1.2.(6): Одобрение за извоз за групи на лекови кои содржат контролирани супстанци

6.	Одобрение за извоз за групи на лекови кои содржат контролирани супстанци	М/О/С
	Број на одобрение	М
	INN	М
	Царинска тарифа	М
	Име на производителот, форма, јачина, пакување	М
	Единица мерка	М
	Износ на стока што се извезува	М

	Износ на супстанција одобрена за извоз	М
	Извозник	
	Име	М
	Адреса	М
	Поштенски број	О
	Град	О
	Земја	О
	Увозник	
	Име	М
	Адреса	М
	Поштенски број	М
	Град	М
	ЦЕФТА страна	М
	Број на одобрение за увоз издадено во земјата на увоз	М
	Датум на одобрение за увоз издадено во земјата на увоз	М
	Краен корисник	
	Име	М
	Адреса	М
	Поштенски број	М
	Град	М
	ЦЕФТА страна	М
	Цел на извозот	М
	Начин на транспорт на одобрена супстанција / супстанци	М
	Име на граничниот премин	М
	Име на царинската испостава	М
	Име на шпедитери	М
	Одобрение издадено на	М
	Одобрение важи до	М
	Специјални забелешки	
	1) Одобрението се однесува на еден увоз / извоз	М
	2) Ако увозот / извозот не се изврши во рокот определен во одобрението за увоз / извоз, увозникот / извозникот е должен да ја извести Агенцијата за тоа и да ги врати сите копии од одобрението во рок од 15 дена по истекот на одобрението за увоз / извоз	М

1.3.Заедничка база на податоци и централни услуги

Дополнителниот протокол 5 и Анекс I обезбедуваат правна основа за создавање на заеднички регионални бази на податоци и централни служби во рамките на ЦЕФТА страните.

Во прилог на размена од точка до точка како што е дефинирано во Деловите 1.1, 1.2 и 2.1, овој Анекс I ја специфицира листата на заеднички бази на податоци и централни служби кои треба се утврдат за време на спроведувањето на Дополнителниот Протокол 5.

Институции кои ќе обезбедат хостирање на овие регионални бази на податоци и централни услуги се ЦЕФТА Секретаријатот или *Секретаријатот на Советот за регионална соработка. Во случај Секретаријатот на Советот за регионална соработка да обезбеди хостирање на регионални бази на податоци и централни услуги, ќе биде потпишан Меморандум за разбирање помеѓу ЦЕФТА Секретаријатот и Секретаријатот на Советот за регионална соработка за регулирање на правата и обврските во врска со хостингот.*

Табела 1.3.(1): Заеднички бази на податоци

	Заедничка база на податоци	**Цел**	**Право на пристап**

1.	База на податоци за меѓусебно признати ОЕО на ЦЕФТА	Размена на информации за компании кои имаат статус на ОЕО: - Податоци за компаниите - ЦЕФТА страна која дала одобрение	Царински управи Надлежни органи вклучени во царинење на стока
2.	База на податоци за небезбедни / неусогласени производи откриени на пазарот на ЦЕФТА	Спречување на дистрибуција / пласирање на пазарот на небезбедни производи во интра ЦЕФТА трговијата, како што се: 1) производи кои не се во согласност со техничките прописи; 2) листа на производи кои се во согласност со техничките прописи, но се опасни за јавниот интерес, животот на луѓето, животните и растенијата; 3) листа на производи за кои не е дозволен увоз	Јавен пристап

Табела 1.3.(2): Централни служби

	Централна служба	Целта на услугата	**Право на пристап**
1.	Регионална база на податоци за издадени лиценци	Чување на податоци за издадени лиценци од страна на надлежните органи и овластени лаборатории (врз основа на функционалните и другите технички спецификации на ЕУ TRACES, ќе се создаде слична регионална база на податоци и поддршка на ИТ решение)	SPS авторитети TBT авторитети

Одредување на средствата и обврските за размена на податоци меѓу царинските органи до степен до кој секое национално законодавство дозволува

2.1. SEED размена на податоци кои моментално се поддржани од билатералните протоколи (Меморандуми за разбирање)

Претходно воспоставената SEED размена на податоци помеѓу царинските администрации на ЦЕФТА страните во регионот на Западен Балкан се поддржани од билатерални протоколи (меморандуми за разбирање). Овие Меморандуми за разбирање остануваат во сила и сè уште претставуваат правна основа за веќе воспоставената билатерална размена на електронски податоци Царина-до-царина. Целта на спецификациите во Анекс I е да се обединат и да се генерализираат спецификациите од Меморандумите за разбирање, врз основа на Образецот на SEED Кориснички Блок (прикажан во Прилог II), кој е официјално прифатен од Глобалната мрежа на царини (GNC), иницијативата на Светската царинска организација (WCO).
Со цел испраќање на податоци пред пристигнување од извозните царински декларации (од ЦЕФТА страната за извоз во ЦЕФТА страната за увоз) за време на спроведувањето на Дополнителниот Протокол 5, секоја ЦЕФТА страна (нејзиниот царински орган) ќе воспостави дополнително безбедни линкови за размена на податоци со сите други (несоседни) ЦЕФТА страни. Оваа комуникациска инфраструктура ќе претставува столб за целосна размена на податоци помеѓу ЦЕФТА страните.

2.2.Детални спецификации на слојот на кластер на податоци:

Следната табела ја претставува заедничката листа на податоци од извозните декларации кои ќе бидат разменети помеѓу ЦЕФТА страните:

Табела 2.2.(1): Заеднички сет на податоци од извозната декларација

ЕЦД рубрика	Пополнета рубрика	Опис
рубрика А	Референтен број на ЕЦД	Референтен број на Единствен административен документ
рубрика 5	Наименуванија	Вкупен број на наименуванија
рубрика 22 P1	Валута на фактура	Код на валута ISO 4217
рубрика 22 P2	Износ на фактура	Вкупен износ по фактура
рубрика 29	Влезен/излезен царински орган	Царинска испостава за излез (референтен број)
рубрика 35	Бруто маса	Вкупна бруто маса
рубрика 54	Место	Место на поднесување на царинска декларација
рубрика 54	Датум	Датум на поднесување на декларација
рубрика 2	Испраќач	Испраќач / назив на испраќачот
рубрика 2	Испраќач	Испраќач / даночен број
рубрика 19	Контејнер	Дали транспортот се прави во контејнер (ДА / НЕ)
рубрика 21 P1	Идентитет на активното транспортно средство што ја минува границата	Камион (транспортно средство) број на таблици
рубрика 21 P2	Идентитет на приколка за транспорт	Број на приколка
рубрика 21 P2	Земја на активното транспортно средство што ја минува границата	Земја на регистрација на возилото
рубрика 25	Вид на транспорт на граница	Начин на транспорт
рубрика 15	Земја на поаѓање	ЦЕФТА страна на извоз (ISO ALPHA 2 code)
рубрика 17	Земја на намена	ЦЕФТА страна на намена (ISO ALPHA 2 code)
рубрика 31	Опис	Опис на стоката
рубрика 32	Реден број на наименување	Број на наименување
рубрика 33	Тарифна ознака	Тарифна ознака
рубрика 31	Пакување	Број на пакувања
рубрика 31	Пакување	Број на парчиња

ЦЕФТА страните не се ограничуваат да ги разменуваат само горенаведените заеднички податоци утврдени од извозната декларација. ЦЕФТА Страните можат да се согласат поширок сет на податоци да се разменува на билатерално ниво.

2.3. Географски опфат:

Царинската управа на Република Молдавија може да биде вклучена во размена на SEED, во согласност со спецификациите дадени во Прилогот II. Бидејќи Република Молдавија нема заеднички граници со другите ЦЕФТА страни, спецификациите поврзани со размена на податоци пред пристигнување на SEED се применуваат.

2.4. Области за продолжување на размена на податоци помеѓу царинските управи:

SEED размената на податоци помеѓу царинските управи може да се прошири за да ги покрие следниве деловни потреби:

а.Размена на податоци за резултатите од анализата на ризик и контролите на пратката (причини за извршување на контролата, индикатор на ризик, резултат од контролата);

б.Размена на податоци за поврат на ДДВ на границите;

в.Размена на податоци за скенер (рентген) слики на контролирани камиони / контејнери;

г. Размена на податоци за IPR Апликации за акции и прекршоци;

Взаемно признавање на националните програми за ОЕО

Деталните технички спецификации за меѓусебно признавање на програмите за ОЕО се напишани врз основа на корисничкиот блок на СЦО за Договорот за взаемно признавање на ОЕО и се претставени во Додатокот III од Анекс I.

Овој дел ги наведува заедничките сетови на податоци (наведени по азбучен редослед) кои се однесуваат на взаемното признавање на ОЕО, кои ќе бидат разменети помеѓу ЦЕФТА страните:

Табела 3.1: Полиња со податоци за взаемно признавање на ОЕО

[illegible]	[illegible]	[illegible]
Прифатено	Статусот на записот за податоци за ОЕО во пораката за резултати	Вредности: 0 = Одбиено, 1 = Прифатено
Статус на сертификат ОЕО	Код за разликување помеѓу тековен,суспендиран или укинат сертификат	Вредности: C = Тековно, S = Суспендиран, R = Отповикан
Вид на сертификат ОЕО	Вид на сертификатот ОЕО	Вид на сертификат: Да се дефинира од страна на партнерите
ОЕО TIN	Единствен идентификатор за овластениот економски оператор доделен од страна на партнер „Одобрувач" и поврзан со релевантниот сертификат за ОЕО	„Одобрен" ОЕО идентификација на трговецот доделена од страна на партнер „Одобрувач"
"ALIAS" TIN	„Alias" TIN доделен од партнерот „ Подносител" на било кој „Одобрен " ОЕО TIN во случај партнерот „Подносител" да не може да го спроведе „Одобрениот" ОЕО TIN доделен од „Одобрениот" партнер.	"Alias" TIN доделен од партнерот „ Подносител" на „Одобрениот" ОЕО TIN
Град	Име на градот на ОЕО	Град
Податоци кои се бараат кратенки		R =Барани, O = Опциски
Кратенки на видови на податоци		a = Алфа, n =Нумерички, d = Податок, dt = Податок за време
Краен датум	Тоа е крајниот датум на периодот на важност на ОЕО TIN. Заедно со почетниот датум на сертификатот, обезбедува целосна слика на важноста дека ОЕО TIN може да го има за време на животниот циклус.	Ги дефинира податоците преку кои статусот на ОЕО сертификатот престанува со примена. Заедно со почетните податоци за сертификатот го дефинира периодот во кој статусот на ОЕО сертификатот е применлив. Ако крајниот датум е празен, периодот на важност е „ со

		неограничен рок“ .
Тип на екстракција	Изведени тип на екстракција	вредности: F = Целосна, D = Диференцијална
Цело име	Цело име на ОЕО	
Јазичен код	Јазичен код кој го идентификува јазикот/ сет на ознаки	Јазичен код употребен за да го дефинира јазикот употребен за сите текстуални информации (ISO Алфа 2 Кодификација – ISO 639).
Идентификација на пораката	Единствен идентификатор на порака	Идентификатор создаден со употреба на GUID алгоритам
Операција	Код за разлика помеѓу креираните,ажурирани и избришани податоци	Вредности: C = Креира, U = Ажурира, D = Брише
Друг TIN	Национално дефиниран идентификациски број	Употребен во случаите каде партнерот има идентификациски број кој не соодветствува WCO моделот на податоци
Поштенски код	Поштенски код на ОЕО	
Тип на референтна екстракција	Типот на екстракција направен во Еквивалентна порака	Вредности: F = Целосна, D = Диференцијална
Идентификација на референтна порака	Идентификатор на единствена порака на одговор	Идентификатор на единствена порака кој употребува GUID алгоритам
Референтен секвенцен број	Број на резултат на пораката	Ја идентификува секвенцата на резултатот на пораката
Статусни детали	Опис на детали на статусот	Слободен текст до 500 ознаки со статусни детали
Датум и време на испраќање	Датум кога е испратен податокот	Датум и временска ознака кога податокот е испратен
Организација на испраќање	ISO – 3166 алфа 2 код за партнерот кој го испраќа податокот	
Секвенцен број	Ја идентификува размената на податоци како резултат на екстракција	Ако е целосна екстракција на податоци, секвенцискиот број одговара на секвенцискиот број на опфатената диференцијална екстракција
Скратено име	Скратено име на ОЕО	Скратено име на ОЕО ограничено на најмногу 35 ознаки кои се обезбедени во WCO моделот на податоци
Датум на започнување	Се употребува за да го дефинира почетокот на датумот на важноста на ОЕО TIN. Заедно со податокот за краен датум, дава целосна слика за важноста на поединечна вредност која опишаниот податок може да ја има за време на неговиот животен циклус	Го дефинира датумот од кој е применлив статусот ОЕО сертификат. Заедно со податокот за краен датум, го определува периодот во кој статусот на ОЕО сертификатот е применлив.
Статусен код	Код за специфични сценарија	Вредности: E00001 = неуспешен внес, податокот веќе постои, E00002 = неуспешно ажурирање, податокот не постои, W00003 = неуспешно бришење,

		податокот не постои, I10001 = податокот е ажуриран но промените не се вклучени
Статусен тип	Го идентификува типот и статусот на информацијата	Вредности: 'E' = Грешка, 'W' = Предупредување, 'I' = Само информација
Улица и број	Улица и број на ОЕО	
Национален идентификатор на трговецот	Единствен идентификатор за ОЕО доделенод надлежниот орган и поврзан со соодветниот ОЕО сертификат.	
Идентификација на трансакцијата	Технички елемент кој овозможува групирање неколку операции во една единствена трансакција	
Верзија	Технички елемент да ја покаже верзијата на структурата на пораката	

Завршни одредби

4.1. Сопственост на системот за размена на податоци

Овој дел го одредува сопственикот на податоците по имплементирање на системот.

По имплементација на Дополнителниот Протокол 5 и воспоставување електронски систем за размена на податоци со соодветни бази на податоци:

- Сопственоста на податоците складирани во базите на податоци SEED + во секоја од ЦЕФТА страните припаѓа на засегнатата страна на ЦЕФТА, која треба да ги почитува правилата за заштита на податоците како што е наведено во член 11 од Дополнителниот Протокол 5;
- Сопственик на податоците складирани во заедничките бази на податоци и централните услуги ќе биде Царинската администрација на ЦЕФТА страните.

4.2. Одржување на системот за размена на податоци

Овој дел ја одредува организацијата на одржувањето, откако системот е имплементиран.

По имплементацијата на Дополнителниот Протокол 5 и воспоставувањето на електронски систем за размена на податоци:

- *Одржувањето на заедничките бази на податоци и централните услуги е во надлежност на ЦЕФТА Секретаријатот или на Секретаријатот на Советот за регионална соработка. Во случај Секретаријатот на Советот за регионална соработка да обезбеди одржување на регионални бази на податоци и централни услуги, ќе биде потпишан Меморандум за разбирање помеѓу ЦЕФТА Секретаријатот и Секретаријатот на Советот за регионална соработка за регулирање на правата и обврските во врска со одржувањето.*

- Одржувањето на хардверската и комуникациската опрема за национални и билатерални (Страна-до-Страна) комуникациски врски ќе биде во надлежност на Царинските администрации на ЦЕФТА страните или друг надлежен национален орган со соодветна инфраструктура за информатичка и комуникациска технологија (ИКТ). Секоја ЦЕФТА страна идентификува одговорни ИКТ експерти и ѓи разменува нивните податоци за контакт со одобрените технички експерти во сите други ЦЕФТА страни, како и други национални институции вклучени во размената на податоци;

- Одговорноста за одржување на услугите за автоматско и/или полуавтоматско снабдување со податоци до заедничките бази на податоци и централните услуги, кои ќе бидат споделени помеѓу секоја одделна

ЦЕФТА страна и ЦЕФТА Секретаријатот или *Секретаријатот на Советот за регионална соработка. Во случај Секретаријатот на Советот за регионална соработка да обезбеди одржување на регионалните бази на податоци и централни услуги ќе биде потпишан Меморандум за разбирање помеѓу ЦЕФТА Секретаријатот и Секретаријатот на Советот за регионална соработка за регулирање на правата и обврските во врска со одржувањето.*

- Одржувањето на софтверски модули за размена на податоци помеѓу ЦЕФТА страните треба да биде координирано за целиот регион на ЦЕФТА;

4.3. Измена на спецификациите на Анекс I

Овој дел дефинира како техничките спецификации (првенствено оние поврзани со списокот на документи, нивните сетови на податоци, заеднички бази на податоци) ќе се изменат/ажурираат по усвојувањето на Дополнителниот Протокол 5.
По усвојувањето на Дополнителниот Протокол 5, спецификациите од овој Анекс I може да бидат изменети преку соодветните структури на ЦЕФТА.

ПРИЛОГ I
- Поедноставување/олеснување на Инспекциски кориснички блок

Предговор: Спецификациите во Додатоците на Анекс I од Дополнителниот Протокол 5 се засноваат на Образецот на Светската царинска организација (СЦО) за Корисничкиот блок (УБ), поточно на Извршното резиме на УБ на иницијативата за Глобалната мрежа за царини (ГНЦ).

ЦЕЛ	Испраќање на податоци од сертификати (одлуки/одобренија/лиценци) издадени од надлежните органи (технички агенции) од ЦЕФТА страна за извоз до надлежните органи на ЦЕФТА страна за увоз на стока. Органите на ЦЕФТА страната на увоз ги употребуваат добиените податоци за: • Извршување на анализа на ризик и други аналитички мерки однапред (пред пристигнување на стоката); • Постапки за забрзување и формалности за издавање на влезни сертификати и / или увозни сертификати (одлуки / одобренија / лиценци) во максимална мера;
ПРЕДНОСТ ЗА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ	Се очекува да се постигнат предности за следните државни органи на ЦЕФТА страните: • СПС органите; • ТБТ органите; • царинските органи; • транспортни органи;
ПРЕДНОСТИ ЗА БИЗНИСИ/ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ	Предности и поволности за бизнис заедницата: • Забрзување и олеснување на легалната трговија во сите фази на царинење; • Попредвидливи и транспарентни постапки за царинење;
СЛОЈ НА ЕНИТИТЕТИ	Следните органи на ЦЕФТА страната за извоз (CPoE) на стока испраќаат податоци до надлежните органи на ЦЕФТА страната за увоз (CPoI): • Фитосанитарниот орган; • Ветеринарен орган; • Агенција за лекови и медицински помагала;
СЛОЈ НА КЛАСТЕР НА ПОДАТОЦИ	Податоци за следниве видови на документи ќе се разменуваат: • Ветеринарен здравствен сертификат за живи животни • Ветеринарен здравствен сертификат за производи од животинско потекло

	• Фитосанитарен сертификат за извоз • Фитосанитарен сертификат за повторен извоз • Сертификат за фармацевтски производ • Дозвола за извоз за групи на лекови кои содржат контролирани супстанци (1) опојни дроги, 2) психотропни супстанци, 3) прекурзори, 4) лекови кои содржат прекурзори) Каде што е применливо, соодветните меѓународни обрасци за горенаведените видови на документи ќе се користат како модели. Во однос на структурата на податоци, како модел ќе се користи најновата верзија на моделот на податоци на СЦО, поточно Информативен пакет за размена на податоци помеѓу Влада-До-Влада (G2G).
СЛОЈ НА АКТИВИРАЊЕ	Настан кој иницира проток на податоци: • Момент на издавање на документи наведени во слојот на кластер на податоци од страна на овластената институција на ЦЕФТА страната за извоз;
ИНТЕРФЕЈС / ИНТЕГРАЦИЈА / КОМУНИКАЦИЈА	Врската помеѓу вклучените органи на ЦЕФТА страните ќе биде воспоставена на следниот начин: • Мрежата од Царина-до-Царина SEED + (Систематска електронска размена на податоци) ќе се користи како столб за билатерална размена на податоци; • Размената на информациите ќе се одвива преку интернет, и преку Виртуелни приватни мрежи (VPN). • Фитосанитарната, ветеринарната, Агенцијата за лекови и органите за надзор на пазарот ќе воспостават приклучување кон Царинската SEED + мрежа на национално ниво; • Интерфејсите помеѓу ИТ системите на овие институции и царинската SEED мрежа обезбедуваат: технички пораки во шемите за проширување на ознаки (XML) и дефинирање на веб-услуги во Web Services Definition Language (WSDL). • Безбедноста на сите разменети пораки дополнително се обезбедува со шифрирање на асиметрични клучеви (со користење на дигитални безбедносни сертификати, издадени од квалификувани сертификациони органи);

ПРИЛОГ II
– SEED Кориснички блок

ЦЕЛ	Систематска и автоматска електронска размена на податоци од царински документи (царински декларации за извоз, увоз и транзит, ТИР и АТА карнети, придружен документ за поедноставена постапка - Фактура, вклучувајќи и евиденција за премини на празни камиони) помеѓу Царинските управи на ЦЕФТА страните, со следниве цели: • Да се овозможи испраќање на податоци пред пристигнување во моментот на започнување на царинската постапка во Партнерската ЦЕФТА страна (од Царинската испостава за заминување - COoDep), со следните цели: - забрзување на царинските постапки и инспекциските формалности (поврзани со соодветните тарифни ознаки) на местото на влез на царинското подрачје на ЦЕФТА страната за увоз (или транзит); - забрзување на царинските и инспекциските во царинската испостава за царинење на ЦЕФТА страна за увоз; - Анализа на податоци пред пристигнување со користење на однапред дефинирани критериуми за ризик и испраќање на предупредување до овластените службеници. • Да се потврди конзистентноста на декларациите доставени во две соседни Царински управи. Со други зборови, за да се

	овозможи автоматско совпаѓање (спарување и споредба) на податоците од царинските документи доставени во две соседни ЦЕФТА страни (Царинска испостава за излез (COoEx) и Царинска испостава за влез (COoEn))
ПРЕДНОСТ ЗА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ	Предности и поволности за Царинските управи на ЦЕФТА страните: • Спречување на криумчарење и зајакнување на борбата против организираниот криминал; • Спречување на намалување на вредноста на стоката - зголемување на наплатата на царинските давачки; • Спречување на корупција; • Подобрување на „анализа на ризик" на податоците пред пристигнување; • Подобрување на целокупниот технички капацитет на Царинските управи на ЦЕФТА страните; • Промовирање и подобрување на комуникацијата и соработката меѓу владините институции на ЦЕФТА страните; • Поефикасна работа на царинските службеници;
ПРЕДНОСТИ ЗА БИЗНИСИ/ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ	Предности и поволности за економските оператори: • Забрзување на царинските постапки и олеснување на легалната трговија;
ПРАВНА РАМКА И УСОГЛАСЕНОСТ	• ЦЕФТА Дополнителен Протокол 5; • Царински договори за взаемна административна помош (CMAAA); • Билатерални протоколи за електронска размена на податоци (дефинирање, меѓу другото, билатералниот обем на податоци кои треба да се разменуваат); • Размената на информации е во согласност со законодавството за заштита на податоците, а податоците ќе останат безбедени во соодветните системи
СЛОЈ НА ЕНИТИТЕТИ	**Царински управи на ЦЕФТА страните:** Царински управи за извоз, транзит и увоз, кои ги имаат следните улоги: • **Администрација на заминување (АОД):** - обезбедување на податоци пред-пристигнување и излез - добивање на резултати од автоматско совпаѓање на податоци од другата (ВЛЕЗ) страна на граничниот премин; • **Администрација на пристигнување (АоА):** - обезбедување на податоци за ВЛЕЗ; - добивање на резултати од автоматско совпаѓање на податоци; - примање на предупредувачки известувања за пристигнатите податоци ПРЕД ПРИСТИГАЊЕ и врз основа на динамички дефинирани критериуми за ризик;
СЛОЈ НА БИЗНИС ПРАВИЛА	**1. Забрзување на постапките за влез и увоз** • Во моментот на извозот царинење во Царинската управа за заминување (АОД), податоците од прифатената Извозна декларација ќе бидат испратени преку системот SEED++ до Управата за пристигнување (АОА) и ќе се користат за: • Забрзување на царинските формалности на местото на влез; • Забрзување на издавање на потребните дозволи за влез (како што е дефинирано во тарифното законодавство) од страна на надлежните примачи; • Забрзување на увозното царинење на крајната дестинација на стоката; **2. Анализа на ризик и предупредување** • На почетокот на царинската постапка во Управата за заминување (АоД) податоците од прифатениот царински документ ќе бидат испратени преку системот SEED + на АоА и ќе се користат за анализа на ризик и за генерирање на предупредувања. • Доколку АоА ЦЕФТА страната е транзитна ЦЕФТА страна, СОЦД ќе ги испрати информациите од националната транзитна

	декларација во системот SEED + и податоците ќе бидат испратени преку системот SEED + до соседната ЦЕФТА страна како податоци за ПРЕД-ПРИСТИГНУВАЊЕ кои ќе се користат за Анализа на ризик и генерирање на предупредувања. **3. Автоматско усогласување на податоци** • Кога стоката заминува од ЦЕФТА Атрана А и влегува во ЦЕФТА страна Б, пораките се обработуваат според следниве деловни правила: - ЦЕФТА страната А дејствува како Администрација за заминување (АоД) и СОЦД (Систем за обработка на царински декларации) ги испраќа информациите од националната извозна декларација преку системот SEED + до соседната ЦЕФТА страна Б која дејствува како Администрација на пристигнување (АоА) - ЦЕФТА страната Б дејствува како Администрација на пристигнување (АоА) и СОЦД ги испраќа информациите од националната декларација за увоз или транзит кон системот SEED +, при што процедурата за автоматско совпаѓање на податоци за движењето завршува.
СЛОЈ НА КЛАСТЕР НА ПОДАТОЦИ	SEED + ќе ја поддржи размената на податоци содржани во следните царински документи: 8. SEED + пораки за **транзитните декларации, како и NCTS пораките од националниот и заедничкиот домен**: модел на податоци базиран на WCO DM (модел на податоци на Светската царинска организација) и ЕУ NCTS (нов компјутеризиран транзитен систем на Европската Унија); 9. SEED + пораки за **извозни декларации**: модел на податоци базиран на СЦО ДМ и ЕУ ЕЦС (Систем за контрола на извоз); 10. SEED + порака за **увозни декларации:** модел на податоци заснован на СЦО ДМ и ЕУ ЕЦС (Систем за контрола на увоз) - оваа порака ќе се користи за совпаѓање на податоци и нема да биде пренесена до соседната ЦЕФТА страна; 11. SEED + пораки за **ТИР карнети**: модел на податоци базиран на UNECE (Економски Комитет на Обединетите Нации за Европа) eTIR модел на податоци; 12. SEED + пораки за **АТА карнети**; 13. SEED + пораки за **поедноставена постапка** со придружен документ (фактура); • SEED + порака за преминување на **празни камиони**;
СЛОЈ НА АКТИВИРАЊЕ	Настани кои иницираат проток на податоци: 4. **Пред-пристигнување**: започнување на царинската постапка во Управата за поаѓање. Во моментот на прифаќање на царински документ - единствен царински документ (ЕЦД) за извоз, ЕЦД за транзит , ТИР карнет, поедноставена постапка со придружен документ. Овие податоци ќе се користат за забрзување на царинските и инспекциските постапки и анализа на ризик / генерирање на предуправања. 5. **Излез:** завршување на царинската постапка во Управата за поаѓање. Во моментот на потврдување на доаѓањето на камионот на излезната царинска испостава во соседната администрација и верификација на камионот кој излегува од соседната ЦЕФТА страна. Овие податоци ќе се користат како референца за автоматско совпаѓање на податоците. 6. **Влез:** започнување на царинската постапка во Управата за пристигнување. Во моментот на прифаќање на царинските документи во царинската испостава за влез, податоците ќе се користат за автоматско споредување со референтните податоци добиени од соседната Администрација за поаѓање АоД.

ИНТЕРФЕЈС	Техничките пораки поврзани со кластерите за податоци и активирачките слоеви се засноваат на следниве царински документи: - ЕЦД транзитни пораки; - ЕЦД пораки за извоз; - ЕЦД пораки за увоз; - ТИР карнети; - АТА карнети; - Поедноставена постапка со придружни документи; - Евиденција на празен камион; Техничките пораки се означени со проширено означување (XML) шеми и дефинирање на веб услуги со веб јазик на дефинирани услуги (WSDL). Техничките пораки се опишани со шемите за проширен маркирачки јазик (XML) и дефиницијата на веб услуга во јазик за дефинирање на веб услуги (WSDL).
ИНТЕГРАЦИЈА	Царинскиот SEED + има топологија "point-to-multipoint", што значи дека секоја Царинска администрација ќе има свој SEED + јазол, поврзан со соодветните SEED + јазли во сите други ЦЕФТА страни. SEED + јазолот треба да биде целосно интегриран во националната царинска ИТ инфраструктура и поврзан со други национални апликации преку Enterprise Service Bus (ESB) и стандардни WSDL интерфејси.
КОМУНИКАЦИЈА	Размената на информациите се одвива преку Интернет, и преку Виртуелни приватни мрежи (VPN). Безбедноста на пораките дополнително се обезбедува со шифрирање на асиметрични клучеви (со користење на дигитални безбедносни сертификати, издадени од релевантните квалификувани сертификациони органи). SEED + јазол треба да биде изграден како сервисно ориентирана архитектура (SOA), имплементиран од технологијата и стандардите на веб сервисите (WS). Интерфејтот (ите) треба да се базира на софтверската архитектура на "Enterprise Service Bus" (ESB) што овозможува флексибилна конфигурација за интерконекција.

ПРИЛОГ III

- Взаемно признавање на Корисничкиот блок на овластените економски оператори

ЦЕЛ	• Да се специфицира процесот со кој се регулира информативната интеракција помеѓу царинските администрации на ЦЕФТА страните („партнери") и вклучените трговци, кои се приклучуваат кон ОЕО Аранжман/Договор за взаемно признавање (MRA); • Да им се овозможи на секој од партнерите да им се дадат поволности на ОЕО на сите други ЦЕФТА страни во кои законодавството и спроведувањето на националната програма се целосно во согласност со релевантното законодавство на ЕУ;
ПРЕДНОСТ ЗА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ	• Рационализиран процес за размена на податоци што овозможува повторна употреба на овој ист пристап за сите билатерални ОЕО MRA на кои се приклучува ЦЕФТА страна; • Осигурување на конзистентна и кохерентна автоматска имплементација на билатералните ОЕО MRA во сите ЦЕФТА страни, промовирајќи ги сите предвидени поволности низ географскиот модел на билатералната ОЕО MRA (подобро контролно таргетирање, како директен резултат на поефикасна автоматска анализа на ризик); • Ниски трошоци за воспоставување на билатерална ОЕО MRA со голема можност за повторна употреба, а со тоа и намалување на трошоците за имплементација на ИТ.

ПРЕДНОСТИ ЗА БИЗНИСИ/ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ	• Транспарентност и предвидливост на придобивките од ОЕО доделени од страна на ЦЕФТА страните; • Осигурување дека ЦЕФТА страните се обврзани успешно да ја спроведуваат билатералната ОЕО MRA и да дадат поволности на признаениот ОЕО (олеснување, понизок ризик, намалување на контролата при извоз и увоз, забрзано пуштање) на систематски и предвидлив начин; • Резултира со целосна транспарентност на Идентификацискиот број (ТИН) на трговецот што треба да се користи со секоја ЦЕФТА страна за да се обезбеди признавање на нивниот статус на ОЕО.
ПРАВНА РАМКА И УСОГЛАСЕНОСТ	• Правна рамка - Дополнителен Протокол 5, Технички прилог и билатерални ОЕО MRA помеѓу партнерите; • Усогласување - ЦЕФТА страните мора да обезбедат дека размената на информации за ОЕО и сите поврзани податоци се во согласност со законодавството за заштита на податоци на секоја од страните; Податоците остануваат безбедени во нивните системи и се синхронизираат низ ИТ системите на сите вклучени ЦЕФТА страни. Достапноста на информациите за ОЕО е специфицирана и мерките се дефинирани, во случај кога информациите за ОЕО нема да бидат достапни за обработка на царинското известување или царинската декларација.
СЛОЈ НА ЕНТИТЕТИ	*Партнер* се однесува на договорната ЦЕФТА страна (нејзината Царинска управа) во билатералната ОЕО MRA. Важно е да се напомене дека секој партнер ќе дејствува во две различни улоги: • **Улога „Одобрувач":** Како партнер„Одобрувач" партнер кој го дава статусот на ОЕО на трговец, врши повторна процена и евалуација на овој ОЕО. • **Улога на „Подносител":** Како партнер „Подносител" обработува известување/декларација поднесени во системот за царински трансакции од страна на трговец. *Трговец* се однесува на економските оператори кои играат активна улога во размената на информации во рамките на билатералниот ОЕО MRA процес. Две улоги на трговец учествуваат во билатералниот ОЕО MRA процес: • **"ОЕО"**: како трговец сертифициран како ОЕО од страна на партнерот „Одобрувач"; • Трговец **„Подносител":** Како трговец кој поднесува известување/ декларација до партнерот „Подносител" кој се повикува на неговиот статус на ОЕО и статус на ОЕО на неговите партнери. Билатералниот ОЕО MRA процес ја уредува размената на информации помеѓу партнерите. Двете улоги на трговецот се вклучени со цел да се прикаже крај-до-крај процес. Сепак, мора да се забележи дека првиот столб ги опфаќа само интеракциите меѓу Царина-до-Царина.
СЛОЈ НА БИЗНИС ПРАВИЛА	Се состои од неколку детални правила во врска со следното: • Контактни точки помеѓу партнерите (ЦЕФТА страните); • Барања за: - информации за ОЕО; - трговецот како еден од поддржувачите на крај-до-крај бизнис процесот; - системи за царински трансакции кај партнерот „Подносител" ; - системи за анализа на ризик кај партнерот „Подносител" ; - управување со идентитетот на ОЕО и, особено, процесот на алијансирање од страна на партнерот „Подносител"; - природата и зачестеноста на размената на податоци, надзор и статистички барања. Согласноста на сите партнери на билатералната ОЕО MRA со стандардот на СЦО во врска со структурата на ТИН е голема можност за поедноставување.

СЛОЈ НА КЛАСТЕР НА ПОДАТОЦИ	ОЕО MRA се потпира на размена на две функционални пораки: • „Одобрени" информации за ОЕО; • „Псевдоним" ТИН помеѓу партнерот „Одобрувач" и партнерот „Подносител"
СЛОЈ НА АКТИВИРАЊЕ	ОЕО MRA има три варијанти за уредување на интеракциите помеѓу партнерите според следниве критериуми: • Дали има или нема потреба од партнерот „Подносител" да назначи „Псевдоним" ТИН (предизвикан од неусогласени структури на броевите на ТИН помеѓу партнерите); • и во случај на усогласување на структурата ТИН помеѓу партнерите, изборот за партнерот „Подносител" да се одлучи за „Влечи" режим (наместо „Туркај" режим) за пристап до ОЕО информациите од партнерот „Одобрувач" партнер . Трите опции се: • „Туркај" на „Одобрени" ОЕО информации и „Туркај" назад на „Псевдоним" ТИН помеѓу партнерот „Одобрувач" и партнерот „Подносител", за оние случаи кога партнерите ги згрешиле ТИН-овите; • „Туркај" на „Одобрени" ОЕО од партнерот „Одобрувач" на партнерот „Подносител" кога партнерите имаат усогласени ТИН-ови; • „Влечи" на „Одобрени" ОЕО информации од страна на партнерот „Подносител" до партнерот „Одобрувач", кој бара усогласување со ТИН.
ИНТЕРФЕЈС	ОЕО MRA дефинира сет од четири технички пораки поврзани со следните три опции во слојот на активирање: • „Одобрени" информации за ОЕО се испраќаат од партнерот „Одобрувач" и „Псевдоним"ТИН се враќа од партнерот „Подносител", за оние случаи кога партнерите ги згрешиле ТИН-овите; • Кога партнерите имаат усогласени ТИН-ови, „Одобрени" ОЕО е испратен од партнерот „Одобрувач" до партнерот „Подносител"; • „Одобрени" ОЕО информации се стекнуваат директно кај партнерот „Подносител" од партнерот „Одобрувач". Тоа, исто така, обезбедува технички пораки во шемите за проширување на разновидните ознаки (XML) и дефинирање на веб-услуги во Јазик за дефинирање на веб услуги (WSDL).
ИНТЕГРАЦИЈА	Интегративниот слој треба да биде профилиран од секој партнер на Билатералниот ОЕО MPA. Ова го вклучува деловниот случај за национално профилирање, употребата на информациите за ОЕО за процената на ризикот на известувањето/декларацијата и националните одредби за идентификација на ОЕО. Исто така, го поставува барањето за достапност на разменетите податоци, дава индикација за можните количини на податоци и барања за усогласување и инфраструктура.
КОМУНИКАЦИЈА	Размената на информации се одвива преку интернет. Безбедноста на размената е обезбедена преку воспоставување на конекции и шифрирање на Виртуелни приватни мрежи (VPN) користејќи безбедносни сертификати.

АНЕКС II

МАТРИЦА НА МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ ПОТПИШАН ПОМЕЃУ ЦАРИНСКИТЕ УПРАВИ И НАДЛЕЖНИТЕ УПРАВИ ВО ОДНОС НА ЕЛЕКТРОНСКАТА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ

	Ветеринарна управа	Национална управа за храна	Национална фитосанитарна управа	Национална управа за фармацевтски производи	Национална управа за транспорт	Национална управа за техничка инспекција	Национална полиција
Царинска управа	ДС ДА						

ДС: датум на потпишување
ДА: датум на примена

АНЕКС III
Овластен економски оператор

НАСЛОВ I

ОДОБРУВАЊЕ НА СТАТУС НА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР НА НАЦИОНАЛНО НИВО ВО СЕКОЈА ЦЕФТА СТРАНА

Член 1
Барање и одобрение

1. Економски оператор кој е основан во ЦЕФТА страните и кој ги исполнува критериумите утврдени во член 2 од овој Анекс, може да поднесе барање за статус на овластен економски оператор.

Царинските органи, по консултации со други надлежни органи, доколку е неопходно, го одобруваат тој статус, кој е предмет на надзор.

5. Статусот на овластен економски оператор се состои од следниве видови одобренија:

(а) овластен економски оператор за царински поедноставувања, што му овозможува на имателот поволности од одредени поедноставувања во согласност со царинското законодавство (ОЕОЦ - Царински поедноставувања); или

(б) овластен економски оператор за безбедност и сигурност кој му дава право на имателот олеснувања поврзани со безбедност и сигурност (ОЕОС - Безбедност и сигурност).

(в) и двата вида на одобренија од став 2 може да се поседуваат истовремено (ОЕОФ - Царински поедноставувања/безбедност и сигурност).

Кога барателот има право да му се додели и ОЕОЦ и ОЕОС, царинскиот орган надлежен за донесување на одлуката издава едно комбинирано одобрение.

Член 2
Одобрување на статус

1. Критериумите за одобрување на статусот на овластен економски оператор се следниве:

(а) Отсуство на какви било сериозни повреди или повеќекратни повреди на царинското законодавство и даночните прописи, вклучувајќи и непостоење евиденција за тешки кривични дела во врска со економската активност на барателот;

(б) Докажување од страна на барателот за високо ниво на контрола над неговите или нејзините операции и на движењето на стока, преку систем за управување со деловната евиденција и, кога е соодветно, транспортната евиденција, која овозможува соодветни царински контроли;

(в) Финансиска солвентност, која се смета дека е докажана кога барателот има добра финансиска состојба, која му или и овозможува исполнување на неговите или нејзините обврски, со почитување на особеностите на видот на засегнатата деловна активност;

(г) Во однос на одобрението наведено во точка (а) од член 1(2) од овој Анекс, практични стандарди за способност или професионални квалификации директно поврзани со активностите кои се извршуваат; и

(д) Во врска со одобрението наведено во точка (б) од член1(2) на овој Анекс, соодветни безбедносни и сигурносни стандарди, кои се сметаат за исполнети кога барателот ќе докаже дека тој или таа одржува соодветни мерки за гарантирање на безбедноста и сигурноста на меѓународниот синџир на снабдување, вклучувајќи ги областите на физички интегритет и контрола на пристап, логистички процеси и ракување со специфични видови на стоки, вработени и идентификација на неговите или нејзините деловни партнери.

2. Секоја ЦЕФТА страна ги утврдува процедурите за барање и одобрување на статус на овластен економски оператор и правните ефекти од овој статус.

3. Царинските органи вршат надзор на условите и критериумите кои треба да ги исполнува имателот на одобрение за ОЕО. Исто така, тие вршат надзор на усогласеноста со обврските кои произлегуваат од одобрението за ОЕО. Кога ОЕО е основан помалку од три години, царинските органи внимателно го следат во текот на првата година по издавањето на статусот на ОЕО.

Член 3
Усогласеност

1. Кога барателот е физичко лице, критериумот пропишан во член 2 (1а) од овој Анекс се смета дека е исполнет ако, во последните 3 години, барателот и, каде што е применливо, вработениот задолжен за царинските работи на барателот не извршил сериозни повреди или повеќекратни повреди на царинското законодавство и даночните прописи и нема евиденција за тешки кривични дела поврзани со нивната економска активност.
Кога барателот не е физичко лице, критериумот утврден во член 2 (1а) од овој Анекс се смета дека е исполнет кога, во последните 3 години, ниту едно од следните лица не сторило сериозна повреда или повеќекратни повреди на царинското законодавство и даночните прописи или има евиденција за тешки кривични дела поврзани со неговата економска активност:
(а) барателот;
(б) одговорното лице кај барателот или лицето кое врши контрола над

неговото управување;

(в) одговорниот вработен задолжен за царинските работи на барателот.

2. Меѓутоа, критериумот од член 2 (1а) од овој Анекс може да се смета дека е исполнет кога царинскиот орган надлежен да донесе одлука смета дека повредата е од мало значење, во однос на бројот или големината на односните операциите и царинскиот орган не се сомнева во добрите намери на барателот.

3. Кога лицето наведено во став 1 (б) е основано или има престој во трета земја, царинскиот орган надлежен за донесување на одлуката го оценува исполнувањето на критериумот од член 2 (1а) од овој Анекс врз основа на евиденција и информации кои му се достапни.

4. Кога барателот е основан помалку од 3 години, царинскиот орган надлежен за донесување на одлуката го оценува исполнувањето на критериумот од член 2 (1а) од овој Анекс, врз основа на евиденцијата и информациите што им се достапни за истото.

Член 4

Задоволителен систем за управување со деловни и транспортни евиденции

1. Критериумот пропишан во член 2 (1б) од овој Анекс се смета дека е исполнет доколку се исполнети следниве услови:

(а) Подносителот одржува сметководствен систем кој соодветствува со општоприфатените сметководствени принципи применливи во ЦЕФТА страната каде се чуваат сметките, дозволува ревизорска царинска контрола и води историја на записи на податоци што обезбедуваат ревизорска трага од моментот на евидентирање на податоците;

(б) Евиденцијата која ја води барателот за царински цели е интегрирана во сметководствениот систем на барателот или овозможува вкрстена проверка на информациите со сметководствениот систем;

(в) Барателот му овозможува на царинскиот орган физички пристап до неговите сметководствени системи и, каде што е применливо, во неговата деловна и транспортна евиденција;

(г) Барателот му овозможува на царинскиот орган електронски пристап до неговите сметководствени системи и, каде што е применливо, во неговата деловна и транспортна евиденција каде што тие системи или евиденции се водат електронски;

(д) Барателот има логистички систем кој ја идентификува стоката како домашна или странска стока и ја означува, каде што е соодветно, нејзината локација;

(ѓ) Барателот има административна организација која одговара на видот и големината на деловната активност и која е погодна за управување со движењето на стока и има внатрешни контроли способни за спречување, откривање и исправки на грешки и спречување и откривање на незаконски или неправилни трансакции;

(е) Каде што е применливо, барателот има задоволителни процедури за постапување со дозволи и одобренија одобрени во согласност со мерките на трговска политика или поврзани со трговијата со земјоделски производи;

(ж) Барателот има задоволителни процедури за архивирање на неговата евиденција и информации, и за заштита од губење на информации;

(з) Барателот обезбедува дека соодветните вработени се обучени да ги известуваат царинските органи секогаш кога се откриени потешкотии со усогласеноста и се воспоставени процедури за известување на царинските органи за таквите потешкотии;

(ѕ) Барателот има соодветни безбедносни мерки во сила за заштита на компјутерскиот систем на барателот од неовластен упад и за обезбедување на документацијата на барателот;

(и) Каде што е применливо, барателот има задоволителни процедури за постапување со увозни и извозни дозволи поврзани со забрани и ограничувања, вклучувајќи и мерки за разликување на стоката предмет на забрани или ограничувања од друга стока и мерки за да се обезбеди усогласеност со тие забрани и ограничувања.

2. Кога барателот поднесува барање само за одобрение како економски оператор одобрен за безбедност и сигурност, како што е наведено во член 1 (2б) од овој Анекс, барањето пропишано во ставот 1 (д) не се применува.

Член 5
Финансиска солвентност

1. Критериумот пропишан во член 2 (1в) од овој Анекс се смета дека е исполнет кога барателот е усогласен со следново:

(d) барателот не е предмет на стечајна постапка;

(б) во текот на последните 3 години пред поднесување на барањето, барателот ги исполнил своите финансиски обврски во врска со плаќањето на царинските давачки и сите други давачки, даноци или давачки кои се наплатуваат за или во врска со увозот или извозот на стоки;

(в) барателот докажува врз основа на евиденцијата и информациите кои се достапни за последните 3 години пред поднесувањето на барањето дека има доволна финансиска состојба за да ги исполни своите обврски и да ги исполни своите обврски во однос на видот и обемот на деловната активност, вклучувајќи непостоење на негативни нето средства, освен ако истите можат да бидат обезбедени.

2. Ако барателот е основан помалку од 3 години, неговата финансиска солвентност како што е наведено во член 2 (1в) од овој Анекс се проверува врз основа на евиденција и информации кои се достапни.

Член 6
Практични стандарди на способност или професионални квалификации

1. Критериумот пропишан во член 2 (1г) од овој Анекс се смета дека е исполнет доколку е исполнет некој од следните услови:

(а) Барателот или одговорното лице за царинските работи кај барателот исполнува еден од следните практични стандарди за способност:
(I) докажано практично искуство од минимум 3 години во царинските прашања;
(II) стандард за квалитет во врска со царинските прашања усвоен од Европското тело за стандардизација;

(б) Барателот или одговорното лице за царинските работи кај барателот успешно ја завршило обуката што го опфаќа царинското законодавство, што е сразмерно и соодветно на степенот на неговата вклученост во активностите поврзани со царината, потврдени од било кој од следниве:

(I) царински орган на ЦЕФТА страна;

(II) образовна установа признаена, за целите на обезбедување на таква квалификација, од страна на царинските органи или тело на ЦЕФТА страна одговорна за професионална обука;

(III) професионално или трговско здружение препознаено од царинските органи на ЦЕФТА страната или признаено во ЦЕФТА страната, заради обезбедување на таква квалификација.

2. Кога одговорното лице за царинските работи кај барателот е договорно лице, критериумот пропишан во член 2 (г) од овој прилог се смета за исполнет ако договорното лице е економски оператор одобрен за царински поедноставувања како што е наведено во Член 1 (2а) од овој Анекс.

Член 7
Безбедносни и сигурносни стандарди

1. Критериумот пропишан во член 2 (д) од овој Анекс се смета дека е исполнет доколку се исполнети следниве услови:

(а) зградите што се користат во врска со операциите поврзани со одобрението на ОЕОС обезбедуваат заштита против незаконски пристап и се изградени од материјали кои се отпорни на незаконско влегување;

(б) се воспоставени соодветни мерки за да се спречи неовластен пристап до канцеларииите, места за испорака, натовар, подрачја за товар и други соодветни места;

(в) преземени се мерки за ракување со стоката кои вклучуваат заштита од неовластено внесување или замена, неправилно ракување со стока и против оштетување и менување на товарните единици;

(г) барателот презел мерки кои овозможуваат јасна идентификација на неговите деловни партнери и да обезбеди, преку спроведување на соодветни договорни аранжмани или други соодветни мерки во согласност со деловниот модел на барателот, дека тие деловни партнери ја гарантираат безбедноста на нивниот дел од меѓународниот синџир на снабдување;

(д) барателот спроведува, до степен до кој е дозволено со националното законодавство, безбедносни проверки на можни идни вработени кои работат а безбедносно чувствителни позиции и спроведува дополнителни проверки на веќе вработените на такви позиции периодично и под оправдани околности;

(ѓ) барателот има воспоставено соодветни безбедносни процедури за сите склучени договори со надворешни даватели на услуги;

(е) барателот гарантира дека неговите вработени со надлежности поврзани со безбедносни прашања редовно учествуваат во програми за зголемување на свесноста за тие безбедносни прашања;

(ж) барателот има назначено лице за контакт надлежно за прашања поврзани со безбедноста и сигурноста.

2. Кога барателот е имател на сигурносен и безбедносен сертификат издаден врз основа на меѓународна конвенција или врз основа на меѓународниот Стандард на Меѓународната организација за стандардизација,или на европскиот Стандард на Европското тело за стандардизација, овие сертификати се земаат предвид при проверката на усогласеноста со критериумите наведени во членот 2 (д) на овој Анекс.

Критериумот се смета дека е исполнет ако се утврди дека критериумот за издавање на сертификатот е идентичен или еднаков со оние наведени во член 2 (д) од овој Анекс.

3. Кога барателот е регулиран агент (авиопревозник, агент, шпедитер или било кој друг субјект кој гарантира безбедносни контроли во однос на товар или пошта) или познат испраќач (испраќач од кој произлегува товар или пошта за своја сметка и чии постапки ги исполнуваат заедничките безбедносни правила и стандарди доволни за да овозможат превоз на товар или пошта на кој било воздухоплов) и ги исполнува барањата од заедничките основни стандарди за воздухопловна безбедност, критериумите пропишани во став 1 ќе се сметаат дека се исполнети во однос на локациите и операциите за кои барателот го стекнал статусот на регулиран агент или познат испраќач до степен до кој критериумите за издавање на статусот регулиран агент или познат испраќач се идентични или еднакви на оние пропишани во член 2 (д) од овој Анекс.

Член 8

Услови за прифаќање на барање за статус на ОЕО

1. Како дополнување на условите за прифаќање на барање воопшто, со цел да поднесе барање за статусот на ОЕО, барателот треба да поднесе прашалник за самооценување, кој царинските органи ќе го ставаат на располагање, заедно со барањето.

2. Економски оператор поднесува едно барање за статус на ОЕО кое ги опфаќа сите негови постојани деловни единици во царинското подрачје на ЦЕФТА страната.

НАСЛОВ II

ПОВОЛНОСТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СТАТУСОТ ОЕО ОДОБРЕНИ ОД НАЦИОНАЛНИТЕ ОЕО ПРОГРАМИ ВО ЦЕФТА СТРАНИТЕ

Член 9

Олеснувања во врска со декларациите пред заминување

1. Кога економскиот оператор одобрен за безбедност и сигурност, како што е наведено во член 1(2б) од овој Анекс, поднесува во свое име декларација пред заминување во форма на царинска декларација или декларација за повторен извоз, други податоци од оние наведени во тие декларации не се бараат.

2. Кога ОЕОС поднесува во име на друго лице кое исто така е ОЕОС декларација пред заминување во облик на царинска декларација или декларација за повторен извоз, други податоци од оние наведени во тие декларации не се бараат.

Член 10

Поповолен третман во врска со процена на ризикот и контрола

1. Овластениот економски оператор (ОЕО) ќе биде предмет на помалку физички и документарни контроли од другите економски оператори.

2. Кога ОЕОС има поднесено влезна збирна декларација или царинска декларација или декларација за привремено чување или кога ОЕОС поднел известување и дал пристап до податоците поврзани со неговата влезна збирна декларација во неговиот компјутерски систем, царинската испостава на прв влез, каде што пратката е селектирана за физичка контрола, го известува ОЕОС за тој факт. Тоа известување се врши пред пристигнувањето на стоката во царинското подрачје на ЦЕФТА страната.

Тоа известување, исто така, е достапно и за превозникот, ако е различен од ОЕОС наведен во првиот потстав, под услов превозникот да е ОЕОС и поврзан со електронските системи во врска со декларациите наведени во првиот потстав.

Тоа известување не се дава кога може да ги загрози контролите што треба да се извршат или резултатите од нив.

3. Кога ОЕО поднесува декларација за привремено чување или царинска декларација пред ставањето на стоката на увид, царинската испостава надлежна да ја прими таа декларација за привремено чување или таа царинска декларација, кога пратката е селектирана за царинска контрола, го известува ОЕО за тој факт. Тоа известување се врши пред ставањето на стоката на увид на царината.Тоа известување не се дава кога може да ги загрози контролите што треба да се извршат или резултатите од нив.

4. Кога пратките декларирани од страна на ОЕО се селектирани за физичка контрола или документарна контрола, тие контроли се вршат со приоритет.

На барање од ОЕО контролите може да се вршат на место различно од местото каде стоката треба да биде ставена на увид на царина.

5. Известувањата од ставовите 2 и 3 не се однесуваат на царинските контроли определени врз основа на декларацијата за привремено чување или царинската декларација по ставањето на стоката на увид.

Член 11

Изземање од поволен третман

Поповолниот третман од член 10 на овој Анекс нема да се применува за царински контроли поврзани со конкретни повисоки нивоа на закана или задолжителни контроли пропишани во друго национално законодавство на една ЦЕФТА страна.

Меѓутоа, царинските органи ги извршуваат со приоритет неопходните обработки, формалности и контроли за пратките декларирани од ОЕОС.

НАСЛОВ III

ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ, ОДБИВАЊЕ, УКИНУВАЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ОЕО ПРОГРАМИ НА ЦЕФТА СТРАНИТЕ

Член 12

Правни ефекти на привременото одземање

1. Кога одобрението за ОЕО е привремено одземено заради неусогласување со било кој од критериумите наведени во член 2 од овој Анекс, секоја одлука донесена во однос на тој ОЕО, која се заснова на одобрението за ОЕО воопшто или на било кој од посебните критериуми што довеле до привремено одземање на

одобрението за ОЕО, царинскиот орган кој ја донел таа одлука привремено ја одзема.

2. Привремено одземање на одлука во врска со барање од царинското законодавство донесено во врска со ОЕО нема да доведе до привремено одземање на одобрението за ОЕО по автоматизам.

3. Одлуката во врска со лице кое е истовремено ОЕОС и економски оператор одобрен за царински поедноставувања како што е наведено во член 1 (2а) од овој Анекс (ОЕОЦ), е привремено одземена наместо поништена, укината или изменета кога:

(а) царинскиот орган смета дека може да има доволно основи за поништување, укинување или измена на одлуката, но сè уште ги нема сите потребни елементи за одлучување за поништување, укинување или измена;

(б) царинскиот орган смета дека условите за одлука не се исполнети или дека ОЕО не е усогласен со обврските наметнати со ОЕО одобрението и е соодветно да му се овозможи на ОЕО време да преземе мерки за да се обезбеди исполнување на условите или усогласување со обврските;

(в) ОЕО бара привремено одземање, бидејќи привремено не е во можност да ги исполни условите пропишани за одлуката или да се усогласи со обврските наметнати со таа одлука

поради неисполнување на условите утврдени во член 2 (г) од овој Анекс, неговото одобрение за ОЕОЦ ќе биде привремено одземено, но неговото одобрение за ОЕОС ќе остане во сила.

Кога одлуката во врска со лице кое истовремено е ОЕОС и ОЕОЦ е привремено одземена во согласност со 3 (а), 3 (б) или 3 (в) заради неисполнување на условите утврдени во член 2 (д) од овој Анекс, неговото одобрение за ОЕОС ќе биде привремено одземено, но неговото одобрение ОЕОЦ ќе остане во сила.

Член 13

Одбивање на барање

Одбивањето на барањето за ОЕО нема да влијае на постоечките поволни одлуки донесени во однос на барателот во согласност со царинското законодавство, освен ако одобрувањето на тие поволни одлуки не се заснова на исполнување на некој од критериумите за ОЕО кој е докажано дека не е исполнет при проверката на барањето за ОЕО.

Член 14

Укинување на одобрение

1. Укинувањето на одобрението за ОЕО не влијание врз која било поволна одлука донесена во однос на истото лице, освен ако статусот на ОЕО не е услов за таа поволна одлука или таа одлука е заснована на критериум наведен во член 2 од овој Анекс кој повеќе не е исполнет.

2. Укинувањето или измената на поволна одлука донесена во врска со носителот на одобрението нема по автоматизам да влијае на одобрението за ОЕО на тоа лице.

3. Кога истото лице е и ОЕОЦ и ОЕОС и како резултат на неисполнување на условите утврдени во член 2 (г) од овој Анекс, одобрението ОЕОЦ се укинува одобрението на ОЕОС останува во сила.

Кога истото лице е и ОЕОС и ОЕОЦ, и како резултат на неисполнување на условите утврдени во член 2 (д) од овој Анекс, одобрението ОЕОС се укинува одобрението ОЕОЦ останува во сила.

Член 15

Поништување

1. Царинските органи го поништуваат одобрението за ОЕО доколку се исполнети сите следни услови:
(а) одлуката за одобрение за ОЕО е донесена врз основа на неточни или нецелосни информации;
(б) ОЕО знаел или требало да знае дека информациите се неточни или нецелосни;
(в) доколку информацијата била точна и целосна, одлуката за одобрение за ОЕО би била различна.
6. ОЕО се известува за поништувањето.

3. Поништувањето влегува во сила од датумот на кој првобитната одлука влегла во сила, освен доколку не е поинаку определено во одобрението ОЕО во согласност со царинското законодавство.

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Член 3

Министерството за економија се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на Дополнителниот протокол од членот 1 од овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR RATIFIKIMIN PROTOKOLLIT 5 PLOTËSUES TË MARRËVESHJES PËR NDRYSHIM DHE QASJE NË MARRËVESHJEN E EVROPËS QENDRORE PËR TREGTI TË LIRË

Neni 1

Ratifikohet Protokolli 5 plotësues i Marrëveshjes për ndryshim dhe qasje në Marrëveshjen e Evropës Qendrore për tregti të lirë, i miratuar më 26 maj 2017, në Beograd.

Neni 2

Protokolli plotësues nga neni 1 i këtij ligji në origjinal në gjuhën angleze dhe në përkthim në gjuhën maqedonase, është si vijon:

Neni 3

Ministria e Ekonomisë caktohet si organ kompetent i administratës shtetërore që do të kujdeset për zbatimin e Protokollit plotësues nga neni 1 i këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

Цената на овој број е 330 денари.

ISSN 0354-1622
2018012